СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение од Осумдесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 април 1998 година

Скопје, април 1998 година

**ОСУМДЕСТ И 0СМА (88) СЕДНИЦА.И ПРОДОЛЖЕНИЕ, ОДРЖАНА НА 14.IV. 1998 Г.**

Т.2(интерпелација на Ингилизова) -- стр.2
Т.9(Јавни обвин.)-7б
Т.11 (зам.ј. обвинители)-стр.77
Т. 11 (гл. држ.ревизор)-стр.33
Т.3(пр.з.за денационализација) -стр.84

1. АНД0В СТОЈАН 42, 44
2. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД 28 ,111, 113
3. АБДИ ФАИК 71
4. ВИДИМЧЕ КИРЕ 1,10, 17,19, 46, 54
5. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР 10
6. ДАНЕВСКИ СДОБОДАН 63
7. ИНГИЛИЗ0ВА-РИСТ0ВА ЛИЛЈАНА 29, 36, 42, 45 (претсед. на Реп,.изб.ком.)
8. КОТЛАР МАРЈАН 64
9. МИНОВ ПАНЧО 57
10. НАУМОВСКИ ВАНЕ 08
11. ПЕТКОВСКИ ТИТО (ја води седницата) 27
12. СТЕФАНОВСКИ БЛАГОЈА 50
13.СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ 65, 101, 106
14. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР 72
15. ТАНТАР0В ВЕЉО 61, 62, 64
16.ФИТИ ТАКИ 84, 89, 98 (министер за финансии)
17.ФИЛИПОВСКИ БЛАЖЕ (го заменува претседателот) 1
18.ХАРУНИ СЕЈФЕДИН 69, 70, 74
19.ШАПУРИЌ ЗОРАН 19, 54

СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
# од Второто продолжение на Осумдесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 април 1998 година

Седницата се одржа во сала 1 со почеток во 12,10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше г-дин Блаже Филиповски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по Второто продолжение од 88-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Драгољуб Поповиќ, ме извести дека од оправдани причини нема да присуствува на седницата.

Констатирам дека на седницата се присутни мнозинство пратеници и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на точката

Интерпелација за работа на претседателот на Републичката (Државна) Изборна комисија Лилјана Ристова - Ингилизова.

Интерпелацијата, издејствувањето на претседателот на РИК по интерпелација ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор, г-дин Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Г-дине потпретседателе, колеги пратеници, со оглед на тоа што на денешнава расправа ќе се води по повод интерпелацијата до претседателот на РИК за нерегуларностите во работењето за време на припремата и одржувањето на изборите во Битола на 8 март 1998 година

би било добро да се потсетиме сите ние што во основа претставуваат изборите. Како што знаеме, изборите претставуваат врв на демократијата односно време кога граѓаните непосредно го искажуваат своето мислење и одлучуваат за својата иднина давајќи го гласот за оние кои по нивно мислеше се најдобри.

Се разбира, за нормално и успешно одржување на избори било каде па и во РМ потребно е покрај граѓани односно бирачи да се обезбеди соодветна законска регулатива за одржување на изборите како и органи кои спроведувајќи ги законските регулативи ќе ги реализираат изборите.

И покрај, да претпоставиме, добрата законска регулатива како и органите за спроведување на изборите со оглед на тоа што се работи за многу чувствителен сегмент од правото на секој граѓанин, а со цел да се избегнат сите можни малверзации и шпекулации за време на одржувањето на изборите потребно е создавање на атмосфера на доверба, а таа може да се создаде исклучиво само со взаемна контрола.

Кога велам взаемна контрола мислам на меѓусебна контрола помеѓу сите заинтересирани субјекти кои учествуваат во изборите. Тоа е, ќе повторам единствен начин да се обезбеди атмосфера на доверба. Значењето, на взаемната контрола е согледано и при носењето на законот за локалната самоуправа и во неговиот 11 член е предвидено во органите на спроведување на изборите со свои претставници да 'земат учество што е можно повеќе заинтересирани субјекти било како членови, или како претставници на учесниците во изборите.

Сето ова досега кажано изгледа толку едноставно и логично, но што станува кога сето ова треба да се спроведе во пракса. На тоа прашање тешко може да се даде одговор. Во работењето на изборната комисија за време на изборите во Битола претставува еден многу карактеристичен пример. За жал во Битола се почна со оставките на

еден член и еден заменик на општинската изборна комисија. Вториот член на општинската изборна комисија не даде оставка, туку само поднесе известување и побара заради здравствени причини неговото членство во општинската изборна комисија да мирува и на негово место за овие избори да работи неговиот заменик.

Во овој дел неминовно морам да напоменам дека ниту општинската изборна комисија ниту РИК иако во неколку наврати изричито баравме како партија не ни ги достави копиите од таканаречените оставки од членовите на општинската изборна комисија. Прашувам зошто не ни ги достави.

Законот за локалните избори во ниту еден свој член не ја предвидува можноста членови на Комисијата да даваат оставки, а уште помалку пак да ја превидува постапката за замена на членовите на комисијата кои дале оставки.

Имено, член 8 став 2 на кој се повикува РИК стои: "изборните комисии ги именува РИК" и т.н. Исто така, во понатамошниот дел од членот стои "именување на изборни комисии" и.тн. Сосема е нејасно како успеа претседателот на РИК да најде подлога во член 8 став 2 од Законот за локалните избори да изврши назначување не само на некој член и уште повеќе разрешувања на некој член од општинската изборна комисија.

Очигледно и претседателот на РИК ги имаше во предвид овие факти, па одлуките за именување и разрешување на членовите на општинската изборна комисија во Битола иако формално ги донесе на 3 февруари 1998 година, ги објави во "Службен весник" дури на 17 февруари 1998 година односно цели 14 дена подоцна, иако во меѓувреме излегоа 4 броеви на "Службен весник".

Е, зошто токму 17. Многу е јасно на 13 февруари 1998 година беше поднесена интерпелацијата на работата на претседателот на РИК и бројот на "Службен весник" од 17 февруари е прв после поднесената интерпелација. Значи, логично се наметнува заклучокот дека претседателот на РИК воопшто и не помислуваше да ги објави решенијата за именување и разрешување на членовите на општинската изборна комисија.

Во ист стил е и одговорот на г-ѓата Ристова даден на интерпелацијата и претставува обид случувањата со изборите во Битола да се сведат во законски рамки, но дотука е и крајниот дострел на овој одговор.

Имено, уште на почетокот во делот на информацијата кој се однесува за термините за Битола, претседателот на изборната комисија се служи со изнесување на благо кажани невистини, односно како почеток на изборната трка г-ѓата Ристова го наведува 20 јануари 1998 година а за волја на вистината одлуката за распишување на предвремени избори во Битола е објавена во "Службен весник" на 22 јануари 1998 година. Што тоа значи? Тоа значи дека партиите имаа време да ги доставаат своите предлози до РИК до 1 февруари 1998 година, а не како што стои, како што се тврди до 30 јануар. Иако никој не беше званично известен дека има упразнети места во општинската изборна комисија не чекајќи ни еден барем до два дена на евентуално доставување на предлози по пошта, општинската изборна комисија уште на 2 февруари достави предлози до РИК, и РИК одлучи веднаш уште на 3 февруари иако согласно со законот таа можеше да чека се до 6 февруари 1998 година.

Дали разликата од 2 дена и не толку неопходна на г-ѓата претседател на РИК, па да може полесно да ја склопи својата приказна.

I/5

Имајќи го сето ова во превид и фактите дека за своите решенија именувања, а посебно за разрешување на членовите на општинската изборна комисија, таа нема никаква подлога во законот, решенијата ги крие од јавноста, не ги дава копиите од "оставките", со помош на игра со датумите по својот одговор се обидува да направи пологична приказна и имајќи ги во предвид во понатамошниот тек на приговорите и нивното одлучување на приговорите многу јасно може да се почувствуваат вистинските намери.

Сега би се осврнал и на еден друг аспект од работата на општинската изборна комисија кои пак од друга страна е тесно поврзан со РИК. Имено, пред објавувањето на неофицијалните резултати од изборите на 8 март 1998 година ЛДП поднесе приговор до општинската изборна комисија согласно член 68 од Законот за локалните избори. Приговорот беше одбиен со решение на изборната комисија на општина Битола со поука дадена во истото решение дека ЛДП има право на жалба до Државната Изборна Комисија. Вака донесеното решение, со вака дадена поука и усмерување во понатамошна постапка до РИК, претставува прескокнување на Апелациониот суд кој согласно член 69 од Законот за локалните избори е надлежен да постапува по жалбата, согласно член 68. И, претставува или непознавање на правото, Законот за локалните избори или смислен чин за избегнување на судската надлежност во решавањето на жалбата на ЛДП.

Заради избегнувањето на оваа нејасна ситуација и страв од подметнување на формални пропусти, ЛДП мораше да поднесе:

1. Жалба до РИК, согласно дадената поука од решението на изборната комисија на општина Битола,

2. Жалба до Апелациониот суд Битола согласно член 69 од Законот за локалните избори,

3. Приговор во постапката за утврдување на резултатите согласно член 59 став 3 од Законот за локалните избори.

I/6

Понатаму, жалбата на ЛДП, РИК ја одби како неоснована и решението на изборната комисија на општина Битола го потврди. По жалбата на решението на РИК Врховниот суд ја уважи жалбата на ЛДП ми го укина решението на РИК, со напатствие РИК да ги прогласи за важечки оние ливчиња неважечки кои ние тврдевме дека се важечки. Повторната постапка Републичката комисија прогласи за важечки онолку гласачки ливчиња колку што таа сметаше, но без да дозволи на ЛДП да изврши увид во тие гласачки ливчиња иако ЛДП уште во првиот приговор до изборната комисија на општина Битола како посебно барање го имаше истакнато барањето на нивниот претставник во изборната комисија да биде повикан и да присуствува при прегледувањето на неважечките ливчиња, согласно Законот за локалните избори, член 11. Но, за жал, тоа не ми беше дозволено.

По жалбата на ЛДП до Апелациониот суд во Битола против решението на изборната комисија на општина Битола до денешен ден не е доставено решение. Значи секој може да заклучи дека целокупната постапка пред изборната комисија во општина Битола и РИК заврши надвор од логиката на правниот систем.

Погрешно е свесно или не, процедурата во поставувањето на изборната комисија на општината Битола од страна на РИК. Најзаинтересирани страни во случајот на ЛДП не и беше дозволено да има конкретен увид во гласачкиот материјал употребен во изборите, а оспорен основниот приговор и ваквото постапување особено на РИК особено што беше навистина многу динамичен тој период дава простор за големи сомнежи. Голем Хендикеп за претседателот на изборната комисија беше и тоа што согласно рокот од поднесувањето на интерпелацијата, таа требаше да даде одговор пред да има шанса да ја дознае одлуката на Врховниот суд во врска со нејзината работа. Штета што не ја искористи варијантата на господинот Рикаловски кој таа информација ја поднесе усно на оваа седница.

Со оглед на сето ова кажано, имајќи ги во предвид фактите што ги изнесов, би сакал да поставам конкретни прашања на кои би сакал да добијам одговор, се разбира.

Зошто г-ѓата претседател на РИК согласно со принципите за правичност не најде за потребно да ги извести претставниците на политичките партии кои учествуваа во изборите во Битола за евентуално упразнетите места на членовите на општинската изборна комисија.

Зошто писмената изјава на еден член на општинската изборна комисија дека заради болест нема да биде во можност да се активира за време на изборите РИК ја протолкува како оставка.

Дали РИК имаше во предвид дека во составот на таа општинска изборна комисија има и заменици и уште повеќе која е функцијата на тие заменици.

Зошто ниту општинската изборна комисија ниту РИК не ги даде копиите од така наречените оставки на членовите на општинската изборна комисија иако тие копии од оставките во повеќе наврати ЛДП писмено ги бараше.

Зошто РИК мораше толку да брза и да не го користи до максимум времето кое го дава законот за именување на нови членови во Комисијата.

Како успеа РИК да го толкува член 8 став 2 од Законот за локалните избори и према тој член да изврши именување или назначување на нови членови, само членови од општинската изборна комисија. Велам именување или назначување бидејќи и јас самиот не знам што навистина се направило, бидејќи во "Службен весник" не пишува ништо што е со тие, само пишува имиња за членови на општинската изборна комисија.

Уште повеќе како успеа РИК да го протолкува член 8 став 2 од Законот за локалните избори и према него да изврши разрешување на членови и заменици од општинската изборна комисија кога во цел член 8, а не само во став 2 не е употребен ниту еднаш зборот разрешување

и како потпрашање кое е многу важно односно што ќе се случи доколку се обжали одлуката за разрешување на членовите на општинската изборна комисија бидејќи таа не е заснована на член во законот кој предвидува разрешување.

Дали доколку од повисоки инстанци се оспори одлуката на РИК тоа ќе значи поништување на изборите во Битола бидејќи се спроведени со нелегитимен состав на општинската изборна комисија.

Зошто РИК толку задоцни со објавувањето во службен весник на одлуките донесени на 3 февруари односни ги објави дури после поднесувањето на интерпелацијата и зошто и беше потребно на г-ѓата претседател на РИК во нејзиниот одговор како ден за почеток на изборните активности да го прикаже 20 јануари 1998, а не 22 јануари 1998 година.

И во делот на работата на општинската изборна комисија на чија работа по логиката на нештата контрола врши пак РИК, би прашал за следното: зошто општинската изборна комисија согласно член 11 од Законот за локалните избори, па ни РИК не му дозволија на претставникот на ЛДП да присуствува при прегледувањето на неважечките ливчиња кои ги обжаливме, иако, ќе повторам, тоа с беше посебно барање на- ведено во нашиот приговор доставен до општинската изборна комисија.

Зошто и општинската изборна комисија и РИК упорно го одбиваа приговорот на ЛДП за признавање на дел од неважечките ливчиња, за жал, по ваша сметка, Врховниот суд се произнесе во наша корист.

Зошто беа потребни толку нелогичности и незаконски однесувања во постапката на приговарање и тоа давање несоодветна правна поука во решението на општинската изборна комисија, ние преговараме по член 68 , а тие не упатуваат да се жалиме до РИК иако тоа не е предвидено во член 69.

I/9

Зошто по наша жалба до Апелациониот суд, а испратена преку општинската изборна комисија, таа односно општинската изборна комисија ни одговара со известие односно термин непознав во правната практика, не со решение, не со одлука, туку со известие.

Зошто општинската изборна комисија ни го ускрати правото ние како поднесувачи на приговорот после одлуката на Врховниот суд во наша корист и одлуката на РИК можеме да ја обжалиме одлуката на РИК, дали ќе ја обжалевме или не тоа е наше право кое пак право ни го ускрати општинската изборна комисија.

II/1.- НН/ЉР

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:** (продолжение)

На крај, зошто Републичката Изборна Комисија, па и Општинската изборна комисија не настојуваа во своите постапки да внесуваат дух на разбирање и дух на желба за соработка со што и самите ќе придонесеа сомневањата во целата постапка на работата на Комисиите, и уште повеќе во постапката за утврдување на резултатите да бидат што помали, бидејќи како што реков на почетокот колку повеќе се даде шанса на взаемна самоконтрола шансите за да се прават махинации и заткулиси се намалуваат. Но, како во овој случај се нагомилани толку неправилности и логички се поставува прашањето какви беа судските намери на комисиите.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Г-дине потпретседателе, почитувани пратеници,

Изгледа оваа седница ќе биде одбележана по Интерпелациите, пред се за министерот за стопанство и за претседателот на Државната изборна комисија. Интерпелацијата е демократски чин и во претходната расправа беше доста укажано и со цело богатство се покажа во однос на демократичноста.

Во однос како на еден од институтите за контрола на законодавната над извршната власт, односно за политичка контрола за носителите на јавни функции затоа што нешто направиле, пропуштиле да направат или свесно не направиле. Тргнувајќи од овој аспект многу е битна и стриктна процедурата во однос на поднесување на Интерпелацијата. Својата демократичност ја познаваат и кој може да поднесе интерпелација, а тоа е 5 пратеници, но понатаму строгата форма дава можност на подносителите на Интерпелацијата за се она што тврдат дека одреден носител на јавна функција стори или пропуштил

да стори, или свесно направил во рок од месец дена деловничкиот рок е носителот на јавна функција да даде одреден одговор и по тој одговор стриктно да се придржува на напатствијата за она што се терети.

Во претходната интерпелација и на почетокот на оваа интерпелација имаме одредени отстапувања од таа процедура што доведува до разводнување и на крајот до она што се случи на претходната, до лични вреѓања, до лични меѓусебни укажувања и недоследни за овој Парламент.

Сметам дека подносителите на Интерпелацијата треба строго да се придржуваат на она што го напишале. Секое друго проширување го ставаат во нерамноправна положба оној на кој се однесува Интерпелацијата. Во дадениот случај ние имаме писмен одговор на одредена Интерпелација за претседателот на Државата изборна комисија.

Би сакал да укажам уште на една работа.

Точно е, беше укажано и во претходната расправа, дека обично интерпелација поднесува опозицијата. Логично е бидејќи опозицијата секаде е во малцинство према мнозинството, нема логика да ја постигнат својата цел која е и трајна дали разрешување или одговорност. Но, најбитен е другиот дел. Од оваа јавна говорница оној што поднесува интерпелација и против оној што е поднесена во однос на вака одговори јавноста да се убеди дали нешто направил, пропуштил да направи или не направил. Тоа е најбитниот дел во однос меѓу подносителите и подносителот на интерпелацијата. Мислам дека во претходната интерпелација подносителите не го направија тоа, како што рече еден пратеник по таа нафташка интерпелација не докажаа и покрај проширувањето на дел на таа интерпелација за она што беше поднесено. Тоа е мое мислење и мислење на моето гледање во јавноста што е постигнато.

II/3.-

Во дадениот случај би сакал да укажам и да кажам дека се работи за специфична. Кој сака може да мисли поинаку, но се работи за специфична интерпелација. Специфична интерпелација бидејќи се поднесува против претседател на Државна Изборна комисија. Претседател на Државна изборна комисија и Државната Изборна комисија се луѓе пред се волонтери избрани од овој Парламент во овој состав, а во конкретниот случај претседателот едногласно со неколку, барем според стенографските белешки и од подносителите на интерпелацијата е избран по една целосна доверба на судија на Врховен суд со целокупниот свој авторитет, со целокупното свое знаење, познавање и почит према судската функција. Претседателот на Државната изборна комисија против кого има интерпелација ги спроведе изборите дополнителни за пратеници и најважна е спецификата што спроведе локални избори по еден нов закон, по едни нови методи, мешовит систем, или комбиниран - мнозински за градоначалник и пропорционален, со сите признанија од наша страна, од овој Парламент. Овој Парламент го усвои Извештајот за спроведените локални избори со највисоки оценки, а не би сакал барем подносителите на Интерпелацијата треба да ги кажат мислењата на набљудувачите и на меѓународните организации кои во одреден момент дури мислења да нема потреба од набљудување на локалните избори. Тој дел, не укажување за Државната Изборна комисија, за претседателот, го сметам како недостаток и немање на доблест на подносителите за локалните избори спроведени 1996 година за градоначалници потсетете се Државната Изборна комисија колку време ги спроведуваше и со какви проблеми изборите во Тетово, со се она што се случуваше таму без некои поголеми проблеми , инциденти, укажувања.

Мораме да констатираме и да констатира овој Парламент дека Државната Изборна комисија си ја заврши својата работа за локалните избори продолжувајќи и понатаму да си ги врши изборите во однос на упразнетите места за пратеници во, како доаѓаат по својот редослед и динамика.

На секоја интерпелација, како што истакнав, најбитно и најважно е што направил оној против кого се поднесува интерпелација. Во самата писмена интерпелација, се обиде и претходниот говорник да укаже на она што направила претседателката односно во име на Државната Изборна комисија.

Основниот дел за кој се терети претседателот на Државната Изборна комисија е дека направила прекршок во однос на член 8 став 2 и член 9 став 1 од Законот за локалните избори. Тој дел се обработува и во поднесениот писмен дел на Интерпелацијата ништо друго во однос на прекршокот тврдејќи дека "претседателот на Државната Изборна комисија наместо да ја извести ЛДП за настанатата промена и да го овозможи правото од член 8 став 2 и член 9 став 1 од Законот за локални избори да предложи други лица за член и заменик самата предложила кандидати по свој избор кои не се членови на ЛДП со што пратеничката група на ЛДП смета дека оваа постапка на претседателот на Републичката Државна комисија Лилјана Ристова Ингилизова е тежок удар врз заложбата за фер и демократски избори зад кои стојат сите политички субјекти во државата". Понатаму наведуваат дека пртседателката на Државната Изборна комисија на предвремените локални избори за Совет во Битола покажала крајна пристрасност и подредување на интересите на партијата на власт. Тоа е напишано во писмениот дел.

II/5.-

Почитувани пратеници, претседателот на Државната Изборна комисија на предвремените избори за Совет во Битола именуваа членови во Општинската изборна комисија двајца членови и еден заменик, кои си поднесоа оставка. Обврските од Законот за избори, општинските изборни комисии, кои за локалните избори беа 124 составени од Државната изборна комисија се состојат од 5 члена и тоа претседателот е судија на Основниот суд, 2 члена именува опозицијата, 2 позицијата,согласно резултатите на парламентарните избори оние кои освоиле најмалку 5%. Тоа во Битола беше составено и Општинската изборна комисија да ги спроведе изборите 1996 година. Во меѓувреме, за предвремените избори, како што истакна, 2 членови и 1 заменик даваат оставка. Замислете, обврската согласно Законот за локални избори е партиите да предлагаат свои членови во општинските изборни комисии. Тоа е право и обврска, не е облигаторен дел. За спроведување на локалните избори во 45 единици на локалната самоуправа одредени партии немаат предложено. Е тоа е право на секоја партија. Доколку партија која држи до себе, која има свој кредибилитет што се случува во Битола. Во Битола каде имаме предвремени избори, каде ЛДП се сконцентрира со целосно знаење, умееше, моќ да докаже партија после добивањето на советничките избори кои се предизвикани подавање на оставка на советниците на СДС, не разбира дека нејзините членови односно членовите на Демократската партија даваат оставка. Која партија ке си дозволи, односно кој нејзин член да не ги извести во однос на давање на оставка во изборна комисија која целокупната јавност во РМ беше сконцентрирана на пред.- времените локални избори кои се мислеа дека ќе бидат репер во однос на парламентарните избори и целокупната јавност, медиумска и политичка и демократска беше концентрирана на тие избори. Ниедна партија која држи до себе не може

да дозволи своите членови, а посебно ЈТДП која сите свои партии ги стави на локалните избори во Битола да не дознае дека нејзините членови, или тука се работи на демократ- ската партија и еден член на Социјалистичката партија дале оставка. Ако целта на Интерпелацијата не е дека претседателката на Државната Изборна комисија согласно Законот за локални избори, бидејќи ЛДП не сознава благовремено дека нејзините членови дале оставка и не реагирале, не предложиле свои членови таа за да се спроведат изборите во Битола по предлог на Општинската комисија за да ја комплетира Општинската комисија делегира членови и заменици за спроведување на изборите. Која е целта на Интерпелацијата ако формално правно и суштински не е повреден Законот за локални избори, тоа го тврдат најодговорно, претходниот говорник рече што ќе беше доколку се обжалуваше решението за именување на општинската комисија. Тоа е правна работа која можеше да се покрене. Доколку мотивот не е прекршување на формално правниот дел на Законот за локални избори што се крие зад оваа интерпелација на претседателот на Државната Изборна комисија.

Ако се размислува логички би биле две работи.

Прво, пред се резултатите на локалните избори во Битола не добивајќи го она што сметаат дека им припаѓа или ќе го освојат во однос на состојбата која владееше во Битола со ТАТ, ЛДП покренвуа интерпелација против претседателот на Државната Изборна комисија и Државната Изборна комисија префрлувајќи го дел на одговорност на органите кои ги спроведуваат изборите и затскривајќи се зад тој дел, што мислат дека делумно е точно, а другиот дел е тоа што сметаат во својата интерпелација дека ваквиот начин на поднесување на интерпелација би делувал во однос на изградување на демократски амбиент за идните парламентарни избори, оваа Интерпелација поднесувачите викаат дека

ја поднесуваат за да укажат за парламентарните избори да се развиваат демократските форми и органите да постапуваат согласно законите. Мислам дека другиот дел на размислувањето е да делуваат со политичка конотација на однесувањето на органите и на оваа Државна Изборна комисија, на претседателот и на идните органи кои ги избра овој Парламент, ние пратениците и кој ќе ги бираме во нивниот дел на однесување и пак создавање на алиби. Доколку не се постигнат резултатите на парламентарните избори криви се органите, дел на одговорноста да се префрли на органите кои ги спроведуваат изборите или ако се постигнат делумни резултати пак за таквите делумни резултати да се префрли на органите кои ги спроведуваат изборите.

Знаете, поминати се два циклуси на парламентарни избори, помина еден циклус на локални избори, демократските процеси и форми во РМ се дојдени до еден степен на чиста демократичност и реалност. Органите се многу битни, но со вакви притисоци кои се вршат во однос на органите од едната или другата страна, посебно од опозицијата сметам дека нема да дојдеме до демократски избори и реални избори.

Од однос на овие укажувања би сакал да го пренесам ставот на пратеничката група на СДС.

Пратеничката група на СДС смета дека интерпелацијата против претседателот на Државната Изборна комисија не е основана, не е аргументирана, правно неиздржлива и во дел со политичка конотација.

Второ, претседателот на Државната Изборна комисија и членовтие на Државната Изборна комисија својата функција ја извршувале совесно, чесно, одговорно и законито особено во спроведување на локалните избори во РМ што е потврдено со сите извештаи на домашните и на странските посматрачи.

Би сакал посебно и од пратеничката група и мое лично на Државната Изборна комисија, користејќи ја оваа Интерпелација да им пренесам една порака. Државната Изборна комисија, посебно на претседателот на Државната Изборна комисија да се заложат своето искуство, знаење во спроведување на повремените парламентарни испразнети пратенички места и искуствата стекнати од комбинираниот метод во спроведување на локалните избори за градоначалници и советници да го уградат во законскиот проект за избор на пратеници, кои знаете ја мина Владината процедура и ќе дојде во собраниска процедура.

Сметам дека тоа искуство пред се во организацијата на изборите во делот особено на заштита на избирачкото право и во утврдување на резултатите Државната Изборна комисија посебно претседателот на Државната Изборна комисија можат да дадат огромен придонес со што е и нивна задача врз основа на искуствата да донесеме закон за избор на пратеници кој ќе гарантира потполно демократија, фер избори.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Со полна почит кон колегата пратеник кој стана после мене и кој во неколку наврати ме спомна индиректно како дискутант да напоменам дека во делот на мојата дискусија во врска со Интерпелацијата во ниеден момент не излегов надвор од темата на Интерпелацијата, не отидов ни до 1996 година, не отидов низ цела Македонија по изборите за пратеници, не отидов низ цела Македонија за локалните избори, зборувам исклучиво за Битола, за изборите во март 1998 го- дина, а не како што тој самиот направи ја прошета цела Македонија за кратко време.

II/9.-

Да се потсетиме накратко дека предвремените избори во Битола не беа распишани заради оставките на советниците на СДС, бидејќи тие ги потпишаа оставките откога Советот се распушти . Пред- времените избори во Битола беа заради тоа што постоеше преголема инволвираност како на видни луѓе на СДС, така и советници во аферата ТАТ. Тоа што бидна - бидна, а што се однесува до резултатите од гласањето какви се, такви се ние сите ги знаеме, очигледно дека СДС разработи добра стратегија и тактика, лансирајќи добри сателитски листи кои му заврšија одредена работа и што е најбитно во делот на неважечките ливчиња, за кои ние како партија преговаравме и стигнавме до Врховен суд и таму наидовме на разбирање. Врховниот суд го усвои нашиот приговор и укажа на господата членови на Општинската и на Републичката Изборна комисија дека не се во право при пребројувањето на ливчињата и дека нас како партија ни се ускратени гласовите.

III/1 ЈМ/НД

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:** (Продолжение)

Колку и како се ускратени гласови сега можеме да кажеме само од Извештајот на општинската и на Републичката изборна комисија. Зошто не ни беше дозволено да присуствуваме кога се гледаа неважечките ливчиња останува прашање кое ќе не оптоварува доволно и нас и Вас.

И во делот на фалењето, односно дека својата функција ја обавуваа совесно, јас го сфаќам мислењето на Социјалдемократскиот сојуз дека навистина РИК совесно ја извршуваше својата функција во нивна корист и делот на желбата искуствата од овие избори да се пренесат во понатамошните избори очигледно го разбирам и го осеќам дека и во наредните избори ќе имаме приговори и уважување на приговорите од Врховниот суд ако се продолжи со вакво искуство.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници во Собранието на РМ и воопшто во јавноста одекнаа изјавите на политичките партии, односно политичките субјекти како од опозицијата така и°8озицијата дека тие ќе сторат се за да бидат создадени максимално можни услови наредните парламентарни избори да се одвиваат во вистинска демократска атмосфера. Ваквите изјави во голема мера кореспондираа со заложбите на ЛДП, односно да бидат создадени такви услови на меѓусебна доверба на политичките субјекти и да бидат отстранети сите сомневања во регуларноста на изборите. Еден мал чекор кон ова е постигнат и со измена на Законот за избирачките списоци и прифаќањето на амандманот на Пратеничката група на ЛДП. Според кој постои обврска надлежните органи на нивно барање на учесниците на изборите да им доставуваат примероци од избирачките списоци распоредени по избирачки места. И кога се чинеше дека започнаа првите чекори кон создавање на таквата атмосфера сосема непотребно од страна на

Државната изборна комисија, а пред се нејзиниот претседател госпоѓата Лилјана Ристова - Ингилизова се стави една силна дамка врз таква атмосфера која беше во повој. Имено не постоеја никакви оправдувања претстојните избори за Советот на општина Битола да ги спроведува општинска изборна комисија без претставници на ЛДП. Во поранешниот совет на општината ЛДП со 7 советника беше втора по број на советници воедно најбројна опозициона партија и сосема е неоправдано и спротивно на законот за локалните избори оваа партија да не беше застапена во општинската изборна комисија. Таа е една од основните причини поради која пратеничката група на ЛДП поднесе Интерпелација за работа на претседателот на Државната изборна комисија. Сосема непотребно и неаргументирано од страна на господинот Гештаковски беа изнесени некои скрие ни цели на Интерпелацијата. Јас изјавувам доколку СДСМ има одредени скриени цели, па едно зборува, друго прави, тоа со нашата партија не е случај и нема никакви скриени цели господине Гештаковски во оваа Интерпелација бидејќи она што го мисли ЛДП тоа го напишала во Интерпелацијата, а тоа ќе го каже во расправата по оваа интерпелација. Единствена цел и заложба е за развој на демократските процеси во РМ онакви какви што ги имаме во земјите со развиена парламентарна демократија кон која сите барем декларативно се стремиме, мислам сите политички субјекти, односно сите политички партии. Ова може да се види од причина што ЛДП секогаш имала конструктивен пристап кон решавање на сите прашања а таа конструктивност ја докажала многу пати досега. Да се потсетиме само на приодот на неодамна усвоените закони за избирачки места избирачки списоци како и нашето потполно разбирање за иницијативата на Врховниот суд за измена на Уставот за која што расправавме неодамна и за која што нема потреба подолго да ја елаборирам.

III/3 .-

Интерпелацијата е еден многу важен демократски институт кој е предвиден и во нашиот устав и оттаму интерпелацијата на пратеничката група е сосема легитимна и правно издржана. Не знам од каде аргументите на господинот Гештаковски дека оваа Интерпелација е правно неиздржана бидејќи е заснована на Уставот, постапено е согласно со Деловникот и од каде се тие напади, односно обвинувања, односно ускратување, обид за ускратување на можноста за поднесување на Интерпелацијата. Инаку интерпелацијата или слични институти предвидени во сите земји со развиена парламентарна демократија често пати се користат, но најчесто од опозицијата. Се разбира, друга е причината што кај нас,во другите парламентар- ни системи и позицијата некогаш поднесува интерпелација. Тоа сега засега не се случило во нашата досегашна осумгодишна плуралистичка пракса.

Што се однесува до наводите во одговорот на претседателката на Државната изборна комисија дека во Законот за локалните избори не е стриктно предвидена обврската на Државната изборна комисија да ги известува политичките партии за поднесените оставки на претставниците на политичките партии во изборните комисии. Сакам да укажам дека законот е полн со одредени условно кажано фалинки и тоа не е предвидено. Меѓутоа во овој закон децидно е предвидена обврската да во општинските изборни комисии треба да имаат минимум два члена опозиционите партии. Значи структурата на општинската изборна комисија со закон за локални избори е јасно и децидно утврдена и нема потреба од некакво поинакво толкување на Законот нудејќи оваа одредба е појака од сите одредби и ако постои , а постои во секој правен поредок хиерархија на одредени одредби, хиерархија на одредени норми во рамките на еден пропис јасно е дека оваа норма е многу појака од сите други одредби и дека структурата на Државната изборна комисија со став 2 на цитираниот член е сосема јасна и нема простор за никаква дискусија ниту од страна на Собранието кое што пак од друга страна е

надлежно за автентично толкување , а доколку пак господинот Гештаковски како претседател на ЗПК која што е надлежна да покренува и да дава мислење во врска со автентични толкувања можеше да покрене постапка за автентично толкување за овој член. Меѓутоа, морам да кажам дека сосема е јасна оваа одредба и составот т.е. структурата на Комисијата е јасна и недвосмислено укажува дека двајца претставници треба да бидат во оваа општинска изборна комисија од страна на опозиционите партии. Неспорна е исто така и обврската на државната изборна комисија која што произлегува од Законот за локалните избори, како што реков дека од Законот за локалните избори неспорно произлегува обврската на Државната изборна комисија дека таа треба да создаде максимално можни услови за остварување на демократски избори. Оттаму госпоѓата Ингилизова како претседател на Државната изборна комисија како искусен правник и судија на Врховниот суд требала да постапи согласно духот на Законот и да стори се што е во нејзина можност и надлежност најголемата опозициона партија во Битола во тоа време да има свој претставник во општинската изборна комисија. Се разбира почитувани пратеници овде се работи за одговорност и на другите членови на изборната комисија кои што така одлучиле, односно кои што гласале бидејќи според нашите сознанија не сите членови на Општинската изборна комисија го почитуваат, односно го поддржуваат овој став. Така што по дефиниција на работите најодговорен за работата на Државната изборна комисија верувам ќе се согласите сите е претседателот на Државната изборна комисија.

Исто така, претседателот на Државната изборна комисија требал да ја извести ЛДП за поднесените оставки да ја исправи грешката со накнадно именување на претставници на ЛДП во Комисијата, бидејќи ЛДП за измените во Комисијата беше информирана од средствата за јавно

информирање и да наспоменеме само и тоа дека партиите беа известени се државната изборна комисија дека треба да делегираат свои членови во комисиите 199 6 година при спроведувањето на локалните избори.

Исто така, е познато дека на ова приговараше и Социјалистичката партија и верувам нејзините претставници ќе земат учество во оваа расправа и ќе го појаснат својот став, бидејќи тие реагираа дека претставникот на Социјалистичката партија во општинската изборна комисија е неосновано разрешен и дека ќе побараат морална одговорност, тие не се придружија кон интерпелацијата и се надевам ќе ја појаснат таа своја изјава за таа морална одговорност.

Што се однесува до наводите и оценките на господинот Гештаковски дека политичката партија требала да биде информирана од претставникот кој што е во таа Комисија од таа политичка партија во конкретниот случај од ЛДП, што не мора и да е член се разбира. Би кажал дека кај нас оставката е недефиниран поим. Па така имаме често пати постојат најавени оставки, отповикливи, неотповикливи оставки, оставки поднесени до надлежни органи, поднесени оставки до партиите и така во недоглед имавме случај и овде на оваа говорница да биде поднесена оставка, па да се повлече, тоа од претставникот на Социјалдемократскиот сојуз. Така што мислам дека господинот Гештаковски воопшто не е во право кога дава една своја оценка, односно една подлабока, прави обид да даде една подлабока анализа на институтот оставка.

За ЛДП оставката е пред се личен и морален чин на подносителот и негова готовност да ги презентира личните ставови на оној кој што ја поднесува. Кај нас оставката воглавно не е регулирана со прописите, освен се разбира за функциите внатре во партиите оставките не- можат да се поднесуваат до политичките партии, туку до одредени органи кои ги избрале. Поднесената интерпелацијата на пратеничката група

на ЛДП и одлучувањето по неа почитувани пратеници, ќе биде вистински испит на зрелост на политичките партии во Парламентот и сметаме дека сега веќе гледаме по излагањето на господинот Гештаковски дека ставот на неговата пратеничка група е сосема спротивен, односно дека не ја поддржуваат оваа интерпелација, но не успеа да не убеди во своите факти Беше исто така напоменато дека одлуката е донесена на 03.02., а објавена на 13.02., а дури на 17.02. е објавена во Службен весник кој е дистрибуиран на 18.02. Се поставува прашањето, дали Државната изборна комисија и нејзината претседателка треба да водат сметка за информирање на јавноста на своите акти, или тоа можат да го прават со задоцнување од 10, 15 и повеќе дена.

Исто така сега по решението на Врховниот суд морам да го прочитам диспозитивот, решението е УРП 2/98 од Врховниот суд на Репуб- лика Македонија, значи судот кој одлучува во последна инстанца во многу постапки не само во постапката по избори каде што стриктно стои дека жалбата на ЛДП се уважува и жалбата е основана во образложението. И ќе ви прочитам само една реченица од образложението на Врховниот суд каде што стои: Судот наоѓа дека правното стојалиште на Републичката (Државна) изборна комисија изразена во оспореното решение е погрешно. Што значи погрешно го применила законот. Зарем ова не е доволен факт за Вас господине Гештаковски, Вам морам да ви се обратам бидејќи досега само вие ја оспорувавте оваа интерпелација, а се разбира и до сите пратеници дека Државната изборна комисија погрешно работела, бидејќи погрешно го применувала прописот. Јас почитувани пратеници ќе ви прочитам уште една пресуда на Врховниот суд, ги има неколку, меѓутоа во интерес на времето само неколку пресуди ќе бидат изнесени каде што исто така не само во оваа пресуда која е напомената јасно стои дека погрешно, односно лошо работела државната изборна комисија. Еве ќе го

прочитам решението УР бр.205/96 година и тоа само еден цитат од образложението каде што стои дека Врховниот суд наоѓа дека Републичкиот избор на комисија согласно член 59 став 4 од Законот за локалните избори била должна да одлучи по жалбата со решение, а не со писмо жалбата се доставува до Апелациониот суд во Скопје за тој да одлучува по истата, затоа што во постапката за утврдување на резултатите од изборите во општината Апелациониот суд нема законска надлежност за одлучување. Еве уште еден пример дека од 1996 година Врховниот суд јасно укажува дека погрешно работела Државната изборна комисија. Како што кажав во интерес на времето само две пресуди прочитав, меѓутоа, верувајте ги има неколку и доколку биде потребно ќе ги елаборираме во понатамошната расправа.

Исто така во досегашното свое работење Државната изборна комисија има различен аршин при поднесување на оставките на членовите на толкувањето на Законот, односно поднесување на оставките на членовите на Советот. Едно е постапено во Пехчево случајот на еден начин го применува Општинската изборна комисија, поинаку во Штип и да не ги набројувам сите градови за што одредени политички субјекти реагирале до Државната изборна комисија и не добиле никаков одговор. Се надевам дека за вака различно работење на општинските изборни комисии Државната изборна комисија односно претседателката ќе ни даде одговор што е причината и што презела се Државната изборна комисија за да немаме една шареноликост во работењето на општинските изборни комисии.

Сега по решението на Врховниот суд јасно е дека Државната изборна комисија погрешно го применувала и толкувала законот. Врз основа на погрешно толкување и примена на Законот голем број од гласачки ливчиња во 1996 година беа прогласени за неважечки. Па така во извесна мера ги дезавуира резултатите од локалните избори во 1996 година. Притоа исто така е важно да се напомене дека врз база на вака погрешно толкување,но и со нејасно толкување, имаше сосема различно толкување на законот од страна на избирачките одбори и општинските

изборни комисии со што се создаде можност да се извитопери вистинската волја на избирачите. Во оваа прилика сакам да укажам на тоа дека пред изборите 1996 година од страна на Државната изборна комисија беше укажувано дека Државната изборна комисија ќе стори се, односно ќе преземе мерки за едукација на гласачите во поглед на начинот како ќе се гласа со објавување на спотови кои доста често и доста долго ќе бидат објавувани се со цел гласачите да бидат информирани. Ова беше сторено во една минимизирачка форма, така што и оваа е една од причините што имавме голем број на неважечки ливчиња и таа појава на неважечки ливчиња почитувани пратеници не само Државната изборна комисија, туку треба да ги загрижи сите политички субјекти и тие сите да сторат се да престане трендот на зголемување на неважечките гласачки ливчиња како и да престане трендот на намалувањето на одѕивот на парламентарните избори, бидејќи ако некој се радува на таа апстиненција на гласачите многу се лаже, бидејќи апстиненцијата на гласачите може да биде доста опасна по развојот на демократските процеси во РМ. И ако оние што ја стимулираат апстиненцијата треба да сфатат дека сите од тоа губат а најмногу демократијата во РМ и граѓаните кои се стимулираат да се лишат од можноста на влијанието на својата судбина и судбината на државата. Апстиненцијата инаку може да се јави како што ви е познато како апатија, но и како револт на граѓаните кон системот што може да биде многу опасно и да предизвика недоверба на граѓаните . Затоа почитувани пратеници сите ние треба да сториме се да го стимулираме отстранувањето на овие аномалии.

Останаа уште неколку прашања да висат, тоа е прашањето како што кажав дали Државната изборна комисија и како треба да ги објавува своите одлуки бидејќи таа ништо не презема редовно да ја информира јавноста во врска со донесувањето на своите одлуки, односно да ги

објавува своите акти. Јас би сакал да кажам дека од ова, а посебно од некои факти кои што беа јасно изнесени јасно произлегува дека интерпелацијата од пратеничката група на ЛДП е сосема правно заснована и заснована врз многубројни факти, односно за конкретни пропусти во работењето на државната изборна комисија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

IV/1.- ЛП-ВБ

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, излегов на говорница да го искажам мислењето на пратеничката група на ПДП во однос на прашањето што е на дневен ред денес. Тоа го истакнав и минатиот пат, а и денес ќе кажам дека убава е приликата кога се расправа за интерпелацијата. Меѓутоа, уште веднаш на почетокот да кажам дека исто така е убава таа прилика да се разговара за интерпелација кога има доволно аргументи кои зборуваат во корист на постоењето на потреба од интерпелација. Луѓето кога работат можат да грешат, тоа фактички е право, односно така повторно да се изразам да прават одредени пропусти, меѓутоа, свесни сме сите дека кога се греши односно се испушта нешто без да постои одредена намера, тогаш тоа е нешто сосема друго.

Кога станува збор за една ваква интерпелација, мислам дека покрај тоа што кажуваме дека има одредени пропусти треба да кажеме дека во сулови во кои се одвиваа работите во изминатиот период тие пропусти мислам дека не можат да влијаат ни најмалку врз она што се случуваше со изборите во Република Македонија. Ова го кажувам за сите. Еден од свежите примери е Битола, заправо заради што се случи и интерпелацијата. Забелешките на поднесувачите на предлогот за интерпелација беа за одредени, условно да речам, неправилности во назначувањето на кандидати во изборните комисии. Што стана во Битола, податоците ни се свежи. Дали владеачката коалиција ги доби изборите во Битола? Во никој случај, познати се резултатите, ги знаеме и проблемите, она што го јавува печатот што се случува во Битола во последно време. Според тоа, можам да кажам ирелевантни се условно речено пропустите што се направени, ако се направени и не можат да влијаат врз тоа да се стекне впечаток дека претседателот на Изборната комисија има одредена вина.

Ние како пратеничка група исто така имавме одредени забелешки, и нам ни се случија во Битола одредени работи, меѓутоа, сметаме дека тоа што се случуваше таму со нас или пак со поднесувачите на интерпелацијата се работи, како што вели народот "Сложни калуѓери и во петок мрсат", можат да се решат и со одредено разбирање и кон- тактирање. Мислам дека тоа е единствениот пат кој може особено во денешните сложени услови да придонесе за надминување на одредени состој би.

Неуспеав, слушајќи го и читајќи го образложението во однос на интерпелацијата, да видам дека г-ѓата направиле такви пропусти кои можат да не убедат да гласаме за една таква интерпелација. Дури напротив, сакам да кажам дека она што е направено од страна на претседателот, а истовремено и од страна на Државната изборна комисија може да добие високи оценки ако се имаат предвид сите услови. Живееме, а истовремено живеевме, меѓутоа јас повторно ќе кажам дека денешните услови се уште посложени и од тој аспект е неодржлива интерпелацијата во однос на претседателот на Државната изборна комисија. Во таа смисла, ние како пратеничка група нема да ја поддржиме ( интерпелацијата, туку ќе гласаме против).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Никој)

Има збор г-ѓа Ингилизова Ристова, претседател на Републичката (Државна) изборна комисија.

**ЛИЛЈАНА ИНГИЛИЗОВА РИСТОВА:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, морам искрено да кажам дека кога ја добив интерпелацијата останав зачудена како е можно 2о и повеќе пратеници од Парламентот да дадат интерпелација за претседател на Републичка (Државна) изборна комисија во

која нема ниту еден аргумент и доказ. Јас ве молам, вие ја имате добиено интерпелацијата исто како и јас. Ја читавме интерпелацијата и во Републичката (Државна) изборна комисија. Што стои, мене и сега после оваа расправа, недоволно ми е јасно дали ова е интерпелација против претседателот на Републичката (Државна) изборна комисија или против целата државна изборна комисија, затоа што овде сега се зборуваше за Државната изборна комисија.

Во самата интерпелација што стои. Вели:"Претседателот на Републичката (Државна) изборна комисија самата предложила кандидати по свој избор кои не се членови на ЛДП, резултат од таа постапка е тоа што најголемата опозициона партија во општината Битола нема ниту еден член и заменик член во Општинската изборна комисија." Ве молам, дасе напише тоа во една интерпелација, претседателотна Републичката (Државна) изборна комисија сам предложил членови, а тој претседател е судија на Врховниот суд на оваа држава и притоа во интерпелацијата да не се дадат аргументи и докази врз основа на што е даден овој наод дами и господа пратеници, јас во одговорот напишав, после дадени две оставки, оставките не се тајна за никого, беше овде кажано зошто оставките кога ги барале не сме ги дале. Ние испративме писмен одговор во Битола, мислам дека огранокот беше, во кој што кажавме дека тоа се документи на Републичката (Државна) Изборна комисија, а тие документи можете да ги побарате од тие членови што се ваши. Вие тврдите дека сте партии кои се споиле и тие се ваши луѓе. Зошто оставките не ги побарате од нив? Јас искрено да ви кажам се носев со идејата тие оставки да ги објавам во печатот, кога излезе сета оваа работа. Не го направив тоа од други причини, да не се направи некоја штета. Оставките се тука, не се тајна, двете оставки што се дадени се пишувани на иста хартија, жолтеникава, со иста машина и со исти стил.

IV/4.-

Оставките се дадени четири дена по распишување на изборите - добро, како ќе земете кога е донесено, кога е објавено, но како и да е ние чекавме 10 дена. Јас се прашувам дали тие членови на Општинската изборна комисија кои по член 10 став 5 од Законот за локални избори се должни совесно и одговорно да ја обавуваат својата функција и совесно и одговорно да ги извршуваат надлежностите утврдени со тој закон. Дали е ова совесно и одговорно, по распишани избори, а Советот на општината Битола ќе го пуштите да ве потсетам Владата го распушти на 12 јануари, дали се тоа случајно дадени оставки, зошто се дадени тие оставки, кажуваат луѓето во оставките. Меѓутоа, во секој случај една ситуација која не е пожелна за ниеден претседател на Републичка (Државна) изборна комисија. Кога се распишаа изборите во Битола, за нас како орган постоеше општинска изборна комисија, постоеше орган со мандат од 4 години кој требаше да ги спроведе тие избори. Дадени се три оставки, не една. Некој тука зборуваше зошто замениците. Замениците треба некого да заменат, некој кој постои, кој од објективни причини не може да работи. Меѓутоа, да немате вие во орган изборен со 75.000 избирачи и 115 избирачки места луѓе кои ќе работат во тој орган, јас морам да кажам дека многу грешно се поимаат некои работи - велат, немало контрола, така рече првиот дискутант. Членовите на изборните органи не вршат контрола, тие извршуваат изборни дејствија пропишани со тој закон. Контролата ја врши мониторинг и таков мониторинг постоеше и имаше од сите партии.

"Таквата постапка на претседателот на Државната изборна комисија ќе била тежок удар за фер демократски избори во државата" Таква работа мене на памет не ми паднала, ниту кога се нафатив на оваа функција, тоа беше некој мој интерес. Зошто? Јас се нафатив да спроведам избори со кои оваа држава ќе се гордее и затоа ќе ви прочитам само нешто, бидејќи овде се помешаа многу работи надвор од интерпелацијата.

IV/5.-

Во однос на фактот како се именувани изборните органи и донесената одлука за именуваше на 124 изборни органи и заменичен состав, тие одлуки ние ги објавивме во "Службен весник" иако немавме обврска да го објавиме, немавме законска обврска, погледнете го законот, да објавиме одлуки. Зошто ги објавивме? Ги објавивме заради јавност во работата, заради тоа што нема пречка да ги објавиме. Тие бе објавени и во "Службен весник".

За последната одлука, наводно, се објавиле откако била дадена интерпелацијата. Еве го писмото на Државната изборна комисија, на 6.02. секретарот на Комисијата ги дал на објавуваме и овие одлуки, а друга работа е кога "Службениот весник" ги отпечатил. Ги отпечатил тогаш кога ги отпечатил, тука ние не можеме да се мешаме, дадено е на објавување како што реков, а не е ни законска обврска. Сме ги објавиле оти нема што да криеме. Зошто да криеме? Тие се она што беше пред малку кажано по сопствен избор. Не е точно користен е член 9 од Законот за локалните избори, став 1 и по писмен предлог е даден тој предлог што е даден, Државната изборна комисија го испочитува и го формира органот. За три дена во општината Битола завршуваше кандидационата постапка. Може ли еден претседател на Државна изборна комисија да допушти да нема комплетен орган кој ќе ги цени дадените кандидатури Тоа е тоа што сакам да го кажам. Тоа беше мотивот од кој што ние тргнавме, мора да има орган за да спроведе избори.

Она што мене ми е многу чудно, овде наместо да се бара одговорност од оние кои биле задолжени да си го следат законот, да ги следат изборните дејствија, да видат што е пропуштено, за туѓите грешки во чекори и за туѓите пропусти треба да одговара претседателот на Државната изборна комисија. Јас разбирам да одговарав да беше доста вен предлог, па ние да не го испочитувавме, па именувавме други лица. Тоа би била навистина една друга ситуација.

Обврска да известуваме, јас реков нема, гледам не е спорно и кај оние кои ја поднеле интерпелацијата. Ако таква обврска нема Државната изборна комисија, во што е повреден законот? Во што е по- вреден законот? Дали може претседателот на Државната изборна комисија и изборната комисија да биде одговорна затоа што некој пропуштил да даде предлог, оти знаете во законот ќе видите, тоа е право но не е и обврска. Меѓутоа, јас велам и во писмениот одговор, тоа е и голема одговорност. Многу е голема одговорноста какви луѓе и кои луѓе ќе ги предложат политичките партии во изборните органи. Дали ќе бидат тоа одговорни луѓе и луѓе кои навистина ќе сакаат да се носат со обврските што им ги дава законот.

И конечно, дали со тоа што се именуваа овие органи вака како беа именувани, дали навистина изборите во Битола протекнаа недемократски, дали навистина со така именуваната дополнителна комисија навистина овој претседател и оваа Државна изборна комисија, така сега и неа тука ја споменувате, веројатно е сфатено дека тоа не го напра- вил претседателот сам. Дали навистина тоа придонесе за нефер и недемократски избори. Па немаше ниедна жалба за изборната процедура. Што значи тоа? Тоа значи дека тој изборен орган, тоа е најважно, да работел законито, да ги спровел изборите законито. Тоа е тоа. Фактите го демантираат тој втор дел во интерпелацијата дека се сакало да се предизвикаат нефер и недемократски избори. Пред фактите и боговите молчат. Тоа е тоа.

Никој не приговори на изборната процедура. Она што во овој контекст би сакала да кажам, можно ли е овој претседател,покрај сите оние работи што ги изврши Државната изборна комисија спроведе локални избори по Изборен закон кој мирисаше на печатница, десет дена беше излезен со два паралелни изборни модела, без никакво претходно искуство на било која Државна изборна комисија за спроведување на

избори по пропорционален модел со редоследна статична и затворена листа. Ова не го зборувам случајно, затоа што понатаму ќе дадам дел и на нешто друго што беше кажано, одговор, што не е предмет на интерпелацијата. Тие избори ги спроведе оваа Државната изборна комисија, оваа Државна изборна комисија отпечати нешто повеќе од 5 милиони гласачки ливчиња во двата круга, во тежина од 46 тони и ги пренесе во оваа држава до сите изборни комисии и записнички ди предаде. Оваа Државна комисија, покрај тоа што ги именува изборните органи, во рок од пет дена, и покрај тоа што во 45 општини фалеа предлози и од позиционите и од опозиционите партии, таа ги формира комплетно со за- меничен состав сите 124 изборни единици и ги објави на 1роктомври. На 1 октомври ја одржа првата едукативна средба со претседателите на изборните комисии. Тоа е тоа.

Покрај тоа, оваа изборна комисија, претседателот и одделни членови, контактираше со странските набљудувачи, Советот на Европа, ОБСЕ и Националниот демократски институт, и пред и после изборите. Оценките за работата на Државната изборна комисија и за претседателот се јавно презентирани. Локалните избори беа оценети и наш член од комисијата беше учесник во Варшава на семинар организиран од ОБСЕ, Македонија и локалните избори беа дадени - ова одговорно го тврдам - како пример за добро спроведени избори во Република Македонија. Како пример беше дадена Македонија. На Светската Конференција во организација на Интернационален форум за изборни системи, што се одржа во Москва, во септември или октомври не знам точно каде јас бев 5 дена и каде имав можност да ги изнесам и нашите искуства, имаше присутни исто така и од набљудувачите на ОБСЕ, Македонија повторно беше кажана како земја во која локалните избори беа спроведени како што треба, регуларно по нов закон и беше дадена како пример. Дури, Советот на Европа вели изборните органи си ја знаеја својата работа и секој

знаеше што треба да прави. Чија работа беше тоа, кој ги едуцираше тие органи? Тоа не е мала работа ако некој мисли дека тоа е лесно.

Понатаму, во локалните избори ние и дадовме полномошно на информативни куќи од земјата и странство. 42 информативни куќи од Републиката се јавија, издадовме 533 полномошна и никој не беше одбиен

V/1 СС/ЛБ

**ЛИЛЈАНА РИСТОВА-ИНГИЛИЗОВА** (продолжение)

Дами и господа пратеници, зошто ?

Затоа што сакавме транспарентност на изборите. Затоа што сакавме да нема бариери. Затоа што немаше што да криеме. Затоа што бевме сигурни дека изборите добро ги организиравме, едукацијата добро ја направивме и дека треба тоа да се види.

Исто така странски јавни гласила пет се јавија. Издадовме 21 полномоштие. Се јавија и меѓународни асоцијации и организации на кок што исто така издадовме полномошно од Советот на Европа, од ОПСЕ и од Националниот демократски институт.

Ова не го кажувам заради себе. Го кажувам заради тоа што е тоа добро за Македонија. Заради тоа што сето тоа не е правено за да се направи ситуација во Македонија дека е ова земја во која не можат да се спроведат фер и демократски избори. Ова сакам само накратко да Ви го соопштам во врска со ова.

По повод именувањето на комисиите, на двајцата членови и заменикот, ЛДП поднесе жалба до Врховниот суд. Вели, против Одлуката Републичката државна комисија , број тој и тој со која ги именувавме тие два члена и еден заменик. Таа жалба Врховниот суд ја отфрли како недопуштена. Значи, против Одлуката на Државната изборна комисија не е дозволена жалба, според Законот за локалните избори.

Категорично тврдам дека не постои никаква, ниту материјал- но правна ниту формално правна повреда на законот. Ниту било кој во Државната изборна комисија, па и јас, на крајот од умот не ми паѓало да повредиме закон на било која штета или било чија корист. Едноставна ситуацијата налагаше да се именуваат тие луѓе и да се заврши работата. Ако некој пропуштил, јас мислам ред е и чесно е да се преиспита самиот себеси зошто не се дадени предлози.

V/ 2

Добро, овде е претседателот е крив што не известил. Што станува со Одборите? Зошто кај одборите, исто така, ЛДП го промаши рокот па и кај одборите не даде луѓе . Дали и за тоа треба претседателот да одговара? на државната изборна комисија? Значи, има и нешто друго.

Малку размислувам околу тоа што беше истакната надвор од интерпелацијата, меѓутоа очигледно сака малку да се потпре интерпелацијата , бидејќи очигледно ова догово нешто не е.

Во врска со наводите околу гласачките ливчиња, важечки - .неважечки. Приговорот - жалбата. Не е предмет на интерпелацијава, ме ѓутоа веќе кога е кажано, јас не можам и на тоа а да не дадам одговор едно гледање и тоа да го поткрепам и со литература.

Прво, приговорот што го даде ЛДП за неважечки ливчиња беше општ приговор по кој што воопшто не се кажува кои се тие гласачки ливчиња, кои се тие сериски броеви што по закон се важечки, а ваму биле засметани како неважечки. А, партијата имаше набљудувачи во најголем дел на одборите и набљудувач односно претставник на листата во Изборната комисија, адвокат, не се сеќавам на презимето, меѓутоа Томе. Нели можеше тогаш да се видат тие ливчиња какви се? Немаше приговор во записниците на важечки и неважечки ливчиња.

Од што тргна Државната изборна комисија? Таа тргна од Законот. Законот вели се гласа со заокружување на редниот број пред предлагачот, пред името, називот на предлагачот. Законот, погледнете дали некаде допушта во листата да се заокружуваат кандидати и што вели натаму, дека сите кандидати се наведени по редослед и имаат ред и број.

Каква е таа листа? Тоа е затворена листа, редоследна, статична и затворена. Избирачот нема право во таква листа, како што овој законодавен дом донесе закон, да бира кандидати во листата.

V/ 3

А зошто , затоа што ако ги бира односно преферира, тој не се согласува со редоследот на листата. А редоследот на листата е елементи за утврдување на мандатите.

Само во оваа можност ќе кажам нешто дека овој строг пропорционален систем, системот на листа е таков систем во кој што гласачот е повикан да избере не меѓу индивидуи, туку меѓу листи на кандидати при што секоја листа е поддржана од некоја партија. Нема избор на индивидуи во листи во строгиот пропорционален модел на редоследна и затворена листа ова функционира сто години во Европа. Прв пат е применето во Белгија. Тоа што сакам сега да го кажам, постои друг вид на пропорционален модел. Тоа е корекција на строгиот редослед, однапред партиски детерминиран, таа е можна и се применува. Меѓутоа, тоа го немаме во нашиот Закон. Преференцијалниот глас што го дава некој гласач е можно да се изрази во рамките на претпочитаната партиска листа, меѓутоа тогаш гласањето е двојно. Тогаш избирачот гласа и за листата, заокружувајќи ја листата и преферира одредени кандидати во листата. Тогаш се бројат гласови и за едниот и за другиот. Тоа е работа на тоа колку се познаваат тие модели.

Врховниот суд сметаше во својата Одлука дека, уважувајќи ја жалбата на ЛДП, е важечко она ливче кога е заокружена и листата и кандидатот од листата. А, Законот за локални избори во член 45 став 5 е изричен и вели не може да биде важечко она ливче каде што е заокружено спротивно на став 2 од членот 45. Значи, таму каде што е заокружено и нешто друго освен редниот број на листата. Не може да се бираат кандидати во самата листа затоа што тоа е една конзистентност на Законот. Потоа доаѓа утврдување на резултатите. Како ќе се утврдат резултатите од таа листа? По редоследот на листата или по преферираните гласови на одделни кандидати? Тоа е друг пропорционален модел. Тоа е тоа.

Меѓутоа, јас тука вака само телеграфски ќе ви кажам во Финска гласачот е обврзан да гласа за личност во рамките на преферираната партија. Во Италија, на пр. секој гласач прво одбира партија што ја преферира, а потоа може од листата да издвои три или пет кандидати и за нив посебно да гласа. Тоа е тоа што, да не ги редам и другите ситуации.

Меѓутоа, бидејќи се сака тоа да се елаборира, мислам дека ако ние допуштиме во изборите под правни мислења да се утврдуваат резултатите на гласањето од аспект на тоа важечко-неважечко ливче, јас лично да кажам, мислам дека дури тоа ќе предизвика недемократски избори. Затоа што Законот не е прецизен и јасен. Ако дал точно како се гласа и ако кажал редослед на листа, затворена листа, во затворена листа нема избор на кандидати. Тој Закон го донесе овој Парламент. Јас лично немам ништо против ако Парламентот оцени и поинаку нека предвиди. Меѓутоа, овој Закон е тоа.

И, да кажам само тоа дека ние Одлуката на Врховниот суд и како поединечен правен акт што во конкретната ситуација не обврзуваше ја применивме и донесовме одлука. Сите ливчиња се прегледани, сите ливчиња во пакети се ставени долу на располагање на сите предлагачи на ливчиња, истите се викнати и тоа е таа ситуација. Во тие ливчиња има се и сешто. Дури, мислам дека тоа треба да биде предмет на некоја посебна студија што се има во тие ливчиња. Никој нема намера преку неважечки ливчиња, мислам дури дека не е многу добро тоа од неважечки да се прават важечки ливчиња итн. Тука мора да се почитува законот, мора да се почитува моделот. Го респектирам туѓото мислење, меѓутоа верувајте во една ваква ситуација државната изборна комисија поднесе барање за автентично толкување. Ние не можеме како стручен орган, имајќи ги во предвид нашите искуства, имајќи ги предвид нашите размени на мислења со експерти од ОПСЕ од ОН, од Националниот

демократски институт, не можеме при затворена листа да прифатиме дека валидно гласачко ливче е кога во него се заокружува кандидат.

Да завршам само со тоа што ќе значи, како ќе го утврдиме мандатот, дали по редоследот на листата? Примерно, ако еден мандат вреди 500 гласови, со Донтовиот модел и по тие 500 гласа има седум места таа партија, што ќе се случи со оној заокружениот 13-ти или 15-ти кој преферирани добил 600 гласа? Дали има тој мандат? Тоа е врзана работа. Тоа не е прашање дали некој сака или не сака гласачкото ливче да го смета за важечко. Тоа е прашање на изборниот модел. Постојат варијанти на пропорционалниот изборен модел. Тоа е таа суштина.

На крајот сакам да ги уверам и подносителите на интерпелацијата дека навистина никаква задна намера во оваа работа нема. Целата работа е во тоа да се заврши работата. Значи, ако сака да се искористи правото на партијата, значи мора партијата да биде мобилна. Мора да биде во тек со изборните дејствија. Мора да води сметка, како може, јас незнам дали некој може да убеди некого дека по распишани избори една голема партија не се интересирала за составот на изборната комисија. И девет дена не знаела за поднесените оставки. А, нашата одлука ние ја донесовме на 3 февруари во 14,00 часот некаде 14,45 часот ја пуштивме по факс, па потоа и по пошта до изборната комисија. Веќе на 4 февруари имаме реакција во Изборната комисија  додуша јас со секретарот бевме на една трибина, значи за една ноќ се разбра одлуката на Државната изборна комисија. А, девет дена не се знаело за оставките. И самите луѓе што поднесоа оставка во јавноста кажаа дека за таа работа ја информирале партијата, ако може да им се верува, секако. Тоа е тоа.

Значи, треба да се има мобилност на сите во изборите. Не може некој да пропушти а за тоа после да биде крив органот. Тоа не води никаде. Едноставно, некој пат некоја партија можеби и нема интерес да предложи . Зошто во 45 општини, тогаш кога беа изборите и позиција и опозиција не дадоа предлози? Затоа е и дадено тоа законско решение на предлог на претседателот да се формира орган.

Сопствениот пропуст никој не може да го припишува на претседателот на Изборната комисија."Тој треба да не извести". Јас таква обврска по Закон нема. А, дури сакав и тоа да го кажам дека поднесување на вакви оставки по распишани избори, бидејќи е сериозен проблемот, ние во последната верзија, работната верзија на Предлогот на законот како Државна изборна комисија предложивме три алтернативи за таквите состојби. За да не се доаѓа до блокирање на изборните органи. Законот да има конкретни решенија.

Или ќе се каже дека не може затоа што овде беше кажано, никаде во Законот не пишува дека оставки можат да се поднесуваат. Да. Меѓутоа Уставот во членот 8 став 5 вели се што со закон не е забрането е допуштено. Значи, оставката не е категорија што некој ја исклучил. Тоа е тоа. Јас мислам дека ова Интерпелација, искрено да ви кажам, после мојот одговор очекував дека подносителите на истата дека ќе ја повлечат, бидејќи беа демантирани од фактичката состојба и спроведените избори.

Што е битно? Најбитно е што се во органите да работат во согласност со членот 10 став 5. Дали нив ги предложиле овластената политичка партија, дали тие се именувани по Предлог на претседателот на Комисијата, основно е да ја вршат работата совесно, чесно и законито.

Мислам дека во овој случај со Битола тоа се потврди. Никој од учесниците на изборите немаше никаков приговор во поглед на спроведувањето на изборот. Тоа, само за себе доволно зборува дека ниту определбата на претседателот на ДИК била грешна, ниту определбата на ДИК била грешна.

Затоа, уште еднаш нагласувам дека останатите наводи во Интерпелацијата апсолутно ги отфрлам и сметам дека немаат никаква ниту законска, ниту фактичка поткрепа. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дине претседателе, дами и господа,

Сакам да укажам, можеби од занесеност овде или во те- мата сега и импресионирана важноста на Интерпелацијата, претседалката на ДИК во дел од своето излагање спореше со одлука на Врховниот суд и ја оспоруваше.

Сакам да напомнам дека такви случаи не се допуштени во Законодавниот дом. Ние, во Законодавниов дом не можеме да дискутираме и да расправаме по судски одлуки и да ги оценуваме, да ги оспоруваме итн. Тоа е друг пат, друго место каде тоа се прави. Мислам дека ако било кој нешто слично се обиде, да го заштитиме судството од моќта на оваа говорница, претседателот на Парламентот треба да ги опомене таквите излагања и да ги прекини, да ги оневозможи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-ѓа Ристова Ингилизова, реплика.

**ЉИЛЈАНА РИСТОВА ИНГИЛИЗОВА:**

Знаете, да не ги извртуваме работите. Јас реков овде и сите ме слушнавте Одлуката на Врховниот суд ДИК ја испочитува и постапи по неа.

V/ 8

Јас само ви прочитав во литературата какви се пропорционален модел има и моделите околу тоа што стојат.

Како решил судот, тоа е негова работа. Немојте, ве молам да ги извртувате оние работи што јас ги кажав. Одлуката е испочитана и спроведена. Тоа е Одлука на пет судии на Врховниот суд, така мис- леле така решиле. Ние ја прифативме и ја спроведовме. Тоа е најголем доказ дека Одлуката на Врховниот суд е почитувана и спроведена.-

Јас овде сакав само да ве запознам какви модели има и кој модел овој Парламент го прифати. А, како ќе си реши судот, тоа е негова работа. Ние, тоа што решил сме, во конкретната ситуација, тој правен акт не обврзува и ние сме го тоа примениле. Меѓутоа, исто така сакаме да имаме од овој Парламентарен дом автентично толкуваше за натамошното однесуваше. Бидејќи, пропорционалниот модел во законот ние така го разбираме и не сакаме да имаме дилеми понатаму или евентуални различите мислења со надлежните судови што треба да решаваат по тие прашања. Апсолутно не се работи за спорење на од- луката . Одлуката е во целост применета, испочитувана итн. Така сме- тал судот. На крајот на краиштата зошто има толку тоа и како важно прашање овде , по повод интерпелацијата да се кажува Одлуката на Врховниот суд. Затоа и постои жалба против одлуките на ДИК. Судот може таа одлука да ја промени. Тоа не значи дека ДИК се анблок да работи како што треба. Затоа и се дава таа жалба. Мислам дека барем тука се разбираме. Ако грешно сте ме разбрале, тогаш еве тоа е тоа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ако јас почувствував дека е прекршен Деловникот сигурно ќе интервенирав, а да ве потсетам дека госпоѓа Ингилизова е и судија на Врховниот суд.

Има реплика господинот Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине претседателе,

Ние овде внимаваме и сите имаме одговорност. Сите тука сме со одредена одговорност.

Јас колку што сфатив од господинот Шапуриќ, или не знам од кого беше спомната одлуката на Врховниот суд и беше прочитано, стои таму дека Државната изборна комисија погрешно го применува Законот во тој случај. Тоа стои и така беше прочитано. Според тоа овде од говорницата се настојуваше односно се читаше тој член од Законот и се настојуваше да се докаже дека не е погрешно применет. Сега се повлекува госпоѓа Ристова и убаво што се повлекува.

(Негодување во салата).

Меѓутоа не треба да дозволуваме од говорницата да се наведуваат аргументи што оспоруваат одлука на Врховен суд. Дилемите што ги има и тоа што е во право ја натерало Комисијата да поднесе дури и барање за автентично толкување. Сето тоа е нивно право, нека си ги прават тие дилеми таму. Не од оваа говорница. Кога ќе дојде толкувањето тогаш ќе го расправаме. Од овде се оспори одлука на Врховен суд. Околу излагањето на госпоѓа Ингилизова, што дојде овде. Значи повлекување на тој дел од нејзиното излагање, молам да се брише од стенографските белешки.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Како ќе го бришеме. Тоа е кажано. Тоа е напишано.

**ЉИЉАНА РИСТОВА-ИНГИЛИЗОВА:**

Ова испадна надвор од интерпелацијата, меѓутоа за волја на вистината одлуката на Врховниот суд ја имам и стои вака:

"Судот наоѓа дека правното стојалиште на Републичката државна изборна комисија изразено во оспореното решение е погрешно". Значи правното стојалиште. Не вели дека ние спротивно на законот сме работеле.

(Негодување во салата).

Така сметаат, меѓутоа ние немаме правно стојалиште. Ние кажуваме, по закон, дека тоа ливче не е важечко затоа што е спротивно заокружено на став 2. Затоа бараме автентично толкување. Врховниот суд решил, ве молам ние сме ја примениле таа одлука. Ако нешто друго сакате да кажете, тоа е друго. Јас не можам да оспорам одлука на Врховен суд и на Совет на Врховен суд. Нити тоа го реков, тука се водат стенографски белешки, ниту луѓето слушнаа нешто. Јас и првиот пат реков дека одлуката е извршена од наша страна и апсолутно не мора да значи дека секој пат Врховниот суд мора да ги потврди одлуките на Државната изборна комисија. Зошто? Апсолутно мене тоа не ме, не можам да сфатам зошто затоа што може и да потврди, може и да укине, може и да преиначи. Па ние имавме такви ситуации и кај локалните избори. Тоа не е ништо страшно. Затоа и постои таа инстанца, ако нешто се погреши да се коригира. Така смета Врховниот суд. Меѓутоа ние сакаме навистина тоа прашање да биде до крај чисто. Или нека се промени законот во тој дел, или нека се даде автентично толкување, да нема дилеми во правните стојалишта. Тоа е проблемот. Не е нешто друго.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Кире Видимче.

VI/3.-

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Господине претседателе, колеги пратеници жалам што, еве, на темата Интерпелација преминавме во критики на Врховниот суд. Жалам што еден член на Врховниот суд си го зема тоа за право да ги критикува одлуките на Врховниот суд и тука да ги образлага.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте да импутирате нешто, ве молам.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Но исто така ми е криво што истиот член, претседател на Републичката изборна комисија си зеде за право да ги критикува и партиите за нивните политички ставови и мислења, што воопшто не е добро.

Што се однесува до образложението што го слушнавме тука, јас морам да коментирам нешто. Имено, од претседателот на Државната изборна комисија беше кажано дека во Интерпелацијата нема ниту еден аргумент ниту доказ. Ја само ќе спомнам дека и во приговорот што го дадовме до Општинската изборна комисија и во приговорот што го дадов- ме до Републичката изборна комисија во однос на неважечките ливчиња, по нивно мислење немаше ниеден аргумент и доказ, а приговорот беше усвоен од Врховниот суд и сега оспоруван. Значи потполно иста атмосфера. Немаше аргументи, но еве, вистина, во право сме биле.

Што се однесува до аргументите и доказите кои ги барате од нас, мене ми е многу жал што морам да ве потсетам дека, посебно во делот на оставките, ние во три наврати со писмени дописи и до Општинската изборна комисија и до Републичката изборна комисија копиите, оставките, туку копиите од оставките или таканаречените оставки ги баравме и да ви кажам што ми одговоривте.

VI/4.-

"По повод вашето барање на 2 февруари 1998 година, ве известуваме дека копија од поднесените оставки на членовите и заменикот на член Изборна комисија во Битола, не можеме да ви ги доставиме од причина што истите се доставени до Републичката изборна комисија како надлежен орган за постапување по истите. Одлуката за разрешување на членови и заменикот, како и за заменување на членови и заменик, се доставени до "Службен весник на Република Македонија".

Вие со тоа ни кажавте дека нема да ни ги дадете ливчињата, а сега од нас барате аргументи и факти. Јас тврдам дека една од тие оставки не е оставка туку е изјава со која соодветниот член на Изборната комисија изјавува дека заради болест ќе биде спречен да присуствува за време на изборите и барање од страна на членот да биде заменет од заменикот. Затоа и постојат замениците во Изборната комисија, ако не знаете. Според тоа делот на разрешување, конкретно на тој член пак каде што нема и оставка е апсолутно спорен, уште повеќе што не е ни поддржан со член од законот кој овозможува разрешување на членот комисиите.

Што се однесува до објавување на одлуките ваши, факт е само дека се објавени во "Службен весник" на 17: февруари, односно четири де- на после официјалната интерпелација, односно недела дена после објавувањето на давањето на интерпелација на прес конференција од нашата партија. Тоа што вие порано не ги објавивте, тоа е ваша причина. Фактите го кажуваат следното: Одлуките се донесени на 3 а објавени се на 17 и стои дека одлуките стапуваат во сила со денот на донесувањето.

Што се однесува до оставките и информираноста на оставките и постапката околу нив, јас морам да ве потсетам и за тоа дека ние добивме некои информации дека еден член од Изборната комисија ќе да- ва оставка. Нашиот претставник отиде кај претседателот на Општинска- та изборна комисија тоа да го разјасни со усмен разговор.

Претседателот на Изборната комисија рече дека членот не дава оставка туку дека само бара мирување на неговиот стаж. Тоа беше официјална изјава на претседателот. Имајќи ја предвид таа изјава ние не осеќавме ни потреба ни можност некаде да предлагаме кандидати кога знаеме дека официјално членовите на Изборната комисија се сите на број и дека немаат дадено оставка.

Жалосно е што член 8 став 2 од Законот за локалните избори се толкува како варијанта која ќе може да даде шанса за разрешување на членови. Јас ќе повторам пак, во цел Закон, ниту пак во член 8 не- ма никаков збор разрешување на членови. Едноставно одлуката која е објавена во "Службен весник" на 17 февруар и во која стои: "Врз основа на член 8 став 2 од Законот се разрешуваат тие членови". Ако било кој ја оспори оваа одлука од повисоките инстанци, таа веројатно ќе биде поништена, а што тоа значи по легалноста на изборите, вие сами ќе кажете после тоа.

Во делот на приговорот што го поднесовме до Општинската изборна комисија и кој понатаму се проследи до Републичката изборна комисија, ова е оригиналот од овој приговор (го покажува оригиналот), навистина се наведени само гласачките места и колку неважечки ливчиња од тие гласачки места се евидентирани и кои ние во основа ги спориме. Тука бевме обвинети дека не сме ги навеле сериските броеви на количината, под кои требаше да ги обжалиме. А сега јас да ве прашам дали СДСМ ги имаше сериските броеви на ливчињата, бидејќи ги барате од нас. Ако тие ги имаа, ние ги немавме, господа. Ние обжаливме само колку гласачки ливчиња имаше и баравме во тие гласачки ливчиња да се издвојат оние кои го исполнуваат условот на заокружување на партијата и некои од кандидатите на таа листа.

Да ве потсетам и за еден многу битен факт. На истото барање на крајот сто посебно барање. Буквално стои вака: "Бараме да бидеме повикани при разгледувањето на приговорот, односно при прегледувањето на неважечките гласачки ливчиња". Ова барање воопшто никој, ни во Општинската изборна комисија ниту во Републичката изборна комисија не го ни стави на дневен ред. Јас дури добив информација дека не само што нема да бидеме повикани, туку и ќе ни биде забрането присуството кога ќе ги разгледуваат гласачките ливчиња.

Јас сега да ве прашам какво е тоа наше право како партија да се работи, не инсистираме да работиме, бараме да работиме согласно член 11 од Законот за локалната самоуправа каде што стои: "Во изборните комисии во избирачките одбори секој предлагач на листа на кандидати и член за совет и градоначалник може да определи по еден свој претставник и негов заменик кои имаат право да присуствуваат во работата на изборните комисии и избирачките одбори". Тоа децидно стои во член 11. Јас не би сакал многу да толкувам закони, бидејќи сум по локација техничко лице, машинец, но ми е жал што еве дојдовме во ситуација да коментираме одлуки кои се засновани на закон.

Жалам што се изнесе тука аргументација е многу лошо да се прават од неважечки важечки ливчиња. Со тоа се атакуваше врз одлуката на Врховниот суд. Јас само ќе кажам нешто друго, а тоа е дека е многу полошо да се прават од важечки неважечки гласачки ливчиња. Тоа е многу полошо и потрагично. Борбата која ние ја водевме со докажувањето на нашата оправданост од приговорот и која навистина вроди со плод, беше борба да ги спасиме гласовите на тие гласачи, на тие граѓани кои го дадоа гласот за нас, а кои го дадоа гласот и за другите, да ги спасиме како гласови да не одат во неповрат.

VI/7.-

На крајот само да поврзам нешто што многу е очигледно.

Со делот на предлагањето и разрешувањето на членовите што очигледно е многу спорен во овој момент и очигледно и Социјалистичката партија своевремено најавија и поддршка на нашата Интерпелација затоа што баш нивни член беше исклучен. Тоа беше објавено во весник.

Се случи што се случи, ние како партија немавме член во Изборната комисија, немавме ни заменик. Нашиот претставник воопшто не присуствуваше бидејќи воопшто не му се дозволи да присуствува при броењето на гласачките ливчиња. Приговорот ни го одби Општинската изборна комисија. Приговорот ни го одби и Републичката изборна комиси ја. Приговорот ни го прифати Врховниот суд. Сега после сето ова да резимирам:

Дали имаше потреба на тој начин нашата партија да се игнорира од учество во евидентирањето на резултатите и сега од кога сето заврши, кажете ни, ве молам, дали тие броеви што вие како Републичка изборна комисија ги признавте како важечки ливчиња после одлуката на Врховниот суд, воопшто некој во Битола може да ги осеќа како вистински. Никој. Приказната заврши. Внесовте толку голема доза на недоверба кај граѓаните во Битола, но за жал сето тоа е вистина и на крај после сето тоа ние во Битола како партија очигледно изгубивме едно советничко место. Тоа е резултатот на работата на Републичката изборна комисија после завршувањето на овие локални избори. Вие да, признавте гласачки ливчиња од еден број, не помалку од она што требаше да признаете, а не ни дозволивте да присуствуваме тогаш кога ги разгледувавте. Зошто, тоа вие најдобро го знаете.

**БЛАГОЈА СТЕФАНОВСКИ:**

Почитуван) претседателе, почитувани пратеници. Немав намера да дискутирам, меѓутоа почувствував, бидејќи секогаш како човек сум се

ставал на онаа страна за која што во тој момент ќе почувствувам, не од некаков си партиски рок, туку во името на она што некои луѓе се на тоа место за да ја штитат демократијата, да овозможат некаква регулатива во оваа држава, да овозможат демократски избори кои што во овој момент во потполност и Државната изборна комисија или Републичката изборна комисија, јас не ги знам иако бев на чело на штабот во 1996 година при локалната самоуправа во Битола. Зошто говорам. Истата таа Државна комисија овозможи со број на места, децидно 19 96 СДСМ 10 места, ЛДП 4, ВМРО ДПМНЕ 4, Демократската партија 3 и ВМРО ДП две места. Само за година дена се случи обратно. Кое демократско право е нарушено и против кои луѓе ние се бориме. Какви луѓе на нас треба да ни дојдат. Луѓе кои што ќе ја филуваат работата? Не можеме со вакви ситни потези да одиме напред. Што сакаме, да дискредитираме се што е стручно и кое од дистанца ја гледа работата. Па не ни личи тоа да одиме СОЈ вакви малициозни работи, без разлика од која страна доаѓаат.

Сакам да кажам, водејќи го тој став во тоа време, вие знаете заради истакнати личности ние не навлеговме иако јас го имав тоа право истото. Четири илјади гласачки ливчиња беа поништени како неважечки, заокружени со членови од партијата на СДСМ. Не го направивме затоа што таму имаше луѓе кои верувавме дека доволно е тоа како победничка партија со тие 10 места да реализираме една политика на СДСМ која за жал беше оневозможена само за месец дена. Зошто беше оневозможена, тоа ќе излезе на виделина и не сакам околу тоа да кажувам кои се вистините и невистините. Меѓутоа, факт е дека денес вие во Битола имате заедно 17 места. Дали ќе бидат тие 18 виза ви 5 или 17 виза ви 6, зошт©| е тоа спорно. Која демократија нема да ви се овозможи. Да го реализирате она што го знаете и умеете. Од таа страна сакам да ги заштитам оние луѓе кои постојано, веќе четврт пат стручни луѓе, не ,знам

VI/9.-

дали е тоа министер, дали е претседател на Државна изборна комисија, без разлика од која партија е. Па ние до из- бори ќе си играме вакви играчки? Луѓето одговорни на партиските врвови треба да застанат било од едната, било од другата страна. Не може да се дозволи стручните луѓе да ги дискредитираме до таа мера, а ние немаме многу такви луѓе. Во се дојде тоа така. За жал држава така не може да се прави. Тоа им е многу јасно на луѓето кои не опкружуваат. Така само се растура и ништо друго.

Ве молам, уште еднаш ќе кажам јас за прв пат ја гледам госпоѓата Ингилизова. Кога гласавме за судија на Врховен суд рекоа дека не треба да ја поддржиме. Бев во таа најтесна структура на кадровска- та комисија на пример во некакви партиски ровови. Никогаш не застанав зад таа работа. Секогаш сум се одлучувал за струката. И овој пат немам дилеми, а јас сакам да му кажам на господинот Видимче да не сит- ни со ситени работи. Не е битно. И тоа едно место да се добие, нема ништо да значи за ЛДП. Оставете ги луѓето да ја вршат таа работа, затоа што добро го прават. Во крајна линија тие само ќе си даваат оставки и ние само ќе одиме од едно место во друго место. Каде. Колку има- ме ние такви судии. Тоа не води кон ништо. Ние викаме дека сакаме да направиме некое зближуваше, некој консензус, за битните работи. Не може вака да се направи, со вакво разидување. Гледате вие што стана со медиумите. Па на што ќе личи ова. Овие избори кои што сега ќе доаѓаат, недај боже на било кој и на луѓето кои ќе ги водат тие изборни комисии, на луѓето кои ќе бидат предложени како пратеници и на медиумите. Секој човек ќе биде за отстрел. Така не може да се прави. Треба да се каже испод тоа не може да се дискутира. Вака не може. Да се заштитат луѓево, а тоа може да го направат луѓето лидери на овие големи политички партии. Во тоа име сакам да кажам да престанеме. Факт е, овозможено е денес, Битола заради тоа што се случи затоа што мојата,

за жал партија поради некои нетипични работи, некакви непрофесионални дотерувања кажаа дека треба да ја земеме вината на себе со ТАТ, а тврдам дека ќе излезе дека не е тоа така, никаков удел немаме за да се расправа за локална самоуправа после месец дена, за избори. Значи тоа се зеде, се расправа, се донесе, имате 17 виза ви 6, доволно да го правите. Немојте сега да бараме некои други виновници. Има премногу виновни. Дајте ве молам на тоа да ставме капак, имаме закони кои се суштински за земјата, а уште месец два имаме време за расправа. Не може на ваков начин да се стигне до ништо значајно што е од интерес за граѓаните. Голема заблуда би била ако мислите дека со вакви ситни работи се добиваат поени кај гласачите.

VII/.-1 /рд/ом

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Морам да го искористам своето право на реплика бидејќи навистина бев спомнат по презиме. Ми е криво што најде засходно да критикува на овој начин. Ако некој мисли дека непочитување на правото и на законите е ситна работа, тогаш е тоа негова лична работа и негово лично право. Јас лично се залагам до максимум на почитување на право-то до крајни граници и доколку во цела постапка постои искривување на постапката било каде и едно гласачко ливче е прогласено за неважечко, постапката во целина се става под сомневање. Во овој делне зборуваме за едно, не зборуваме за две, зборуваме за многу гласачки ливчиња, збо руваме за 1840 неважечки ливчиња, кои ние како партија ги оспоривме и за мене, и за цела Битола, тоа не е ситница. На крајот ќе потсетам дека сепак после сета оваа дискусија јас увидов дека од почетокот, за жал, едноставно некој така ја водеше работата, од почетокот од назна-чувањето на членови на изборните комисии, па до конечната одлука на Републичката изборна комисија, после одлуката на Врховниот суд, перманентно се провлекуваат неправилности во работењето. Би сакале тие или не би сакале, тие се дел од вистината, дел до историјата и едноставно ние како пратеници треба само да се покориме и да ги прифатиме како такви.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувана г-ѓо претседателке на Државната изборна комисија. Факт е дека Интер-пелацијата претставува еден сериозен политички чин. Тоа е една од го-лемите придобивки на парламентарната демократија. Векови биле потребни да се дојде до овој историски развој на парламентаризмот, до можноста парламентите да ја поставаат одговорноста за носителите на јавни,политички и други функции. И оттаму не треба да се смета дека

интерпелацијата е некоја незаконита работа, некоја страшна работа. Не знам зошто овде некој се обидува да го оспори легитимното уставно право, кое што е придобивка на плурализмот, а правото на една пратеничка група која е во опозиција, најголема опозициона партија во парламентот да псотавува интерпелација. Тоа навистина не ми е јасно и што значат тие дискусии во таа насока, бидејќи како што кажав оваа интерпелација е заснвоана врз Уставот и деловникот и тука нема дилеми.

Што се однесува до самата содржина на интерпелацијата таму е ајсно кажано дека факт е дека структурата, составот на Државната изборна комисија е утврден во членот 8. И во хиерархијата на правните норми ова е најјака норма. Тука нема повеќе простор за дискусија. Јасно е доколку една политичка партија изразува јасна волја, а има право на тоа согласно овој член, таа мора да биде застапена, бидејќи во оваа норма стои дека двајца членови мора да бидат од опозицијата.

Јас се прашувам почитувани пратеници, госпоѓата претседател ка излезе и кажа некои работи, односно се впушти во длабока анализа на работењето на политичките партии, дури бара и одговорност во поли-тичките партии и кажува како партијата треба да биде мобилна, како треба да се однесува, како треба внатре да бидат уредени односите и т.н Јас се прашувам како можеме да имаме доверба сега во претседателката кога буквално кажано изрази критика на внатрешната структура, на внатрешната поставеност и работењето на партијата. Со кое право? Дали може еден орган , во конкретниот случај Државната изборна комисија и претседателката да навлезе во работата и методологијата на работењето на политички партии. Инаку исто така се впушти советот на длабока анализа на содржината, навлезе во стилот на кој што се напишани оставките беше укажано дека не треба да

бидеме против стручни луѓе. Овде- ка не е предмет на интерпелација на г-ѓата Ингилизова како судија на Врховен суд, нити како интерпелација како претседател на Државна изборна комисија и не се работи за никакви како што беше напоменато од г-динот Стефановски, некои лични намери, лична нетрпеливост и т.н. Далеку од тоа. Ниту се работи врз атак на стручни луѓе.

Почитувани пратеници, точно нашата пратеничка група овдека се залагаше цело време стрикно да се почитуваат мислења на еден стручен и компетентен орган, тоа е Судскиот совет и да се прифатат стрикно неговите предлози, бидејќи тој е стручен и компетентен кој предложил доредена постапка и кој предложил одредени судии и стрикно се залагавме тие судии да бидат прифатени од овој Парламент и најдоследни бевме во тоа.

Исто така, на крајот би сакал да се осврнам на неколку наоди на г-ѓата Ингилизова која рече дека информирањето на јавноста немало пречка, па затоа ја информирала, бидејќи постоела добра волја. Јас се прашувам дали треба волјата на Државната изборна комисија да зависи од тоа информирањето или неинформирањето на јавноста. Беше пос - тавено прашањето дали интерпелацијата на претседателот на Државната изборна комисија или на целата Државна изборна комисија. Во интерпелацијата јасно стои дека е на претседателот на државната изборна комисија, бидејќи по дефиницијата на работите, по природата на работите, претседателот одговара за работењето на Државната изборна комисија.

Сосема на крајот г-ѓата Ингилизова кажа , го цитираше образложението од пресудата на Врховниот суд, судот наоѓа дека правното стојалиште на Републичката (Државна) изборна комисија изразена в

нивното решение е погрешно.Г-ѓата Ингилизова се изрази дека не се работи за правно стојалиште. Па секоја приемна на закон е правен став или правно стојалиште. Во конкретниот случај ставот на Државната избор на комисија во врска со приемна на законот беше прогласен за погрешен, значи погрешно е применет законот , во конкретниов случај Законот за локалните избори и дека Комисијата оттаму неминовно се наметнува на заклучокот дека погрешно работела , односно погрешила. Доколку претседателката имаше доблест тоа да го каже ќе беше многу подобро и да ги признаеше тие грешки. Пратениците и пратеничките партии нормално имаат право да не влегуваат во анализа на работата на една и друга партија , да се бранат и т.н. меѓутоа, еден независен државен орган не му приличи да навлегува во анализа на работењето на политичката партија . Исто така беше кажано дека по именувањето на новиот состав на општинската изборна комисија новите членови, беше дадена жалба до Државната изборна комисија, а потоа до Врховниот суд. Меѓутоа, се пропушти да се каже дека во тоа решение на Врховниот суд стрикно стои образложението дека тие не се впуштаат во оценка дали требало или не требало да биде составена комисијата од причини што сметаат дека стри но во законот не беше наведено дали треба да одлучуваат во конкретниот случај или не. И оттаму не станува збор дека била одбиена, туку едноставно Врховниот суд во тој случај не се впушти во оценка на правилноста на одлуката на Државната изборна комисија од причини што стрино тоа не стоеше во законот, доколку тоа се прифати сигурно произлегува уште една фалинка во Законот и треба да ни биде добра поука при донесувањето на законот за избор на пратеници кои што претстои пред нас.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, најнапред сакам да сугерирам една почеста практика на пријавување или

зборување на пратеници од ЛДП , се случуваат екцеси на викање од колегите од Социјалдемократскиот сојуз. Тоа урликање мислам дека нема содржина во одредбите на Деловникот, а ако не се интервенира од претседателот на Собранието во таков случај ќе мора да размислиме, бидејќи ако стане појава и во идниот Деловник тоа да го регулираме. Во секој случај мислам дека е некоректно.

Во однос на прашањето за тоа дали изборниот резултат во Битола во однос на Социјалдемократскиот сојуз имаше рефлексија на случувањата и одговорноста со "ТАТ". Сметам дека е најдобро потпретседателот на СДСМ г-динот Гештаковски и пратеникот од Битола таа работа внатре во партиските органи да си ја расчистат и потоа така расчистена дали "ТАТ" е одговорен за изборниот резултат на СДСМ во Битола на дополните локални избори. Дека СДСМ е одговорен за таа работа, но дали овде јавно треба да настапуваат како претставници од СДСМ за нивната одговорност во однос на "ТАТ".

Од мои одредени причини не предвидував да зборувам во од- нос на интерпелацијата, но од последното јавување на г-ѓа Ингилизова беше нодминлив предизвик за тоа . Таа не само што се повика со чудење зошто ние не сме ја повлекле интерпелацијата , јас сметам дека последното нејзино коментирање за неважечките ливчиња и она што значи ревидирање со сопствено мислење на неспорната и јасна одлука на Врховен суд, сметам дека во целост таквиот нејзин однос према одлуката на Уставниот суд , а посебно убедителноста за тоа кои се важечки, кои неважечки ливчиња, во целост ги исполнуваат условите за повторна интерпелација. Таман работа, како што кажа таа дека ја спроведеле одлуката на Врховниот суд. Нејзе и е многу јасно што значи ако не се спроведува одлука на Врховен суд. Тоа е неспорно и не треба да го зема како аргументација. Но и на одлука на Врховен суд и на секој

што му е јасно и на мало дете во делот на пропорционалниот модел на гласање, ако е заокружен редниот број на партијата кој е предлагач на листата и е заокружен или носителот на листата, или било кој од листата на кандидати, тогаш е недвосмислено определувањето јасно и гласно за кој се определил. И тука не е спорно и на тоа се заснова и одлуката на Врховниот суд. И покрај таквата одлука ан Врховниот суд, и покрај јасноста за тоа дека недвосмислена е определбата на гласачот ако го заокружи и редниот број на партијата и носителот на листата и кандитатот на листата дека тој се определил за таа партија, односно за лис тата на таа партија, повторно да се читаат некои компаративни сознанија од други држави, или повторно да се толкува тоа , мислам дека не само што се исполнети условите за нова интерпелација, туку недозволиво и неоправдано за понатамошно битисување на претседател на Државната изборна комисија.

По однос на прашањето за аргументите по интерпелацијата, јас не знам зошто не се сака ни да се слуша, ни да се гледа аргументациајта на подносителите на интерпелацијата. таа се состои во следното Не случајно како голема демократска придобивка е учеството на претставници од опозицијата во изборните органи, во конкретниот случај во општинската изборна комисија. Зошто? Со тоа што со тоа се гарантира објективност и фер на изборите и што заради тоа на изборите покрај електоратот, кој што е за партијата на власт, преку тие претставници од опозицијата од изборната општинска комисија, фактички се застапени гласачите кои не мислат како што се застапеноста од партиите на власт Тоа е една голема демократска гаранција и сега ако во случаи на неинформираност за поднесени оставки од член и заменик на општинска изборна комисија, кои се од опозицијата,не да не е обврска , туку голема

обврска прво на општинската изборна комисија во Битола, а потоа во вертикала и на Државната изборна комисија и да се информира и да не се допушти тој формален рок , а да не се регрутираат членови во составот на општинската изборна комисија од страна на опозицијата за член или заменик. Наместо во никој случај да не се дозволи да се состави состав кој што ќе значи отсуство на членови од опозицијата, што напред кажав каква улога имаат , едноставно се гледа само фактот дека во тој рок од две недели , по поднесените оставки , партиите не биле информирани . И нормално дека нема да бидат информирани, затоа што тоа е лична една комуникација писмена на тие лица кои што ги поднеле тие оставки иако не го известиле тоа во партиите нормално дека тие не знаат. Но обврска е на Општинската изборна комисија и на Државната изборна комисија, ако има сознанија за таков случај обавезно да го направи составот таков на општинската изборна комисија, како што не случајно и Законот предвидува и како што не случајно тоа е една голема брана и гаранција за објективни и фер избори. Од тој аспект сметам дека и претходната аргументација за интерпелацијата е издржана . Недозволиво е и во конкретниов случај преку тоа , но напротив треба како една пракса да се декларира и да се прогласи за недозволена, да не се повтори тоа , затоа што во претстојните парламентарни избори , како што е и сега одредбата од новиот закон за избор на пратеници , предвидување на застапеност на членови во изборните органи од опозицијата е навистинска гаранција за обезбедување фер и објективни избори.

Од друга страна, она што значи партиципација на судските органи, ако се има со вакви убедувања влегување во составот на изборните органи, сметам дека исто така оваа расправа по интерпелацијата треба да извлече едно сознание и една поука за таква регрутација на

судии во составот, кои што ќе бидат исто така во насока на инструменти и спроведување на законот , но спроведување на законот не е во насока на формализација, а преку формализацијата повторно излегување , како што е во случајов, што е предмет на интерпелацијата ете претставници од опозицијата влезат во општинската изборна комисија во Битола, туку во вистинска смисла да ги застапува објективно сите страни , во случај от застапеност претставници од опозицијата како една гаранција за објективни и фер избори.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, веднаш да кажам дека јас ќе гласам против барањето за оставка на претседателот на Државната изборна комисија г-ѓа Лилјана Ингилизова, од една причина што сметам дека ова барање е јалово и никако не е државно. Токму за тоа ќе гласам против оваа оставка. Инаку веднаш да кажам дека интерпелациите во оваа партија се спроведуваат според утврдена партиска програма. Сега беше по програмата Ингилизова, а после неа сигурно ќе дојде некој друг за интерпелација. Мене ме зачудува фактот пратеничката група на ЛДП во барањето за интерпелации на претседателот на Државната изборна комисија има поднесено список , се потпишани 25 пратеници. Не е потпишан само пратеникот г-динот Јаким Ивановски од Битола.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:** (продолжение)

Другите се сите потпишани, дури е потпишан покоен Тодосија Паунов, кој почина пред нова година, а господата ни поднесуваат интерпелација на 13 февруари 1998 година. Сега, дали останува грешка или имаат некој пишан формулар за интерпелации мене не ми е познато. Сигурно би требало некој од пратениците од оваа ценета пратеничка група да стане и да објасни како можел г-динот Тодосија Паунов да потпише барање за интерпелација. Јас мислам после оваа лакрдија од страна на Либералната партија останува да чекаме интерпелација на министерот за образование и физичка култура, затоа што нивниот клуб Скопски Вардар тешко му одат работите, не може да стигне до првото место, па сигурно ако продолжи вака со играње ќе игра до година со моето Новаци. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, ќе Ви дадам збор, има време.

Ве молам овде за волја на вистината тоа може да се сфати погрешно, меѓутоа, во потписот на интерпелацијата кај потписите за пратеничките групи под реден број 17 покојниот Тодосија Паунов пречекорен е потписот на г- динот Марјан Котлар и во горниот дел. Тоа е мој впечаток.

Деловничка интервенција има г-динот Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници. Не е прв случај овој пратеник од Битола г-динот Тантаров ја злоупотреби оваа говорница. Не станува збор дека има пречекорување од г-динот Марјан Котлар, туку починатиот Тодосија Паунов не се потпишал и мислам дека претеравте и како многу пати претерувате бидејќи не сте смешен, си играте со мртвите души, ова е навистина претерување, за ова требаше благовремено да реагирате претседателе на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Како можам да реагирам дури не видам.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Бидејќи почина г-динот Тодосија Паунов, не може да се потпише, така ќе реагирате, бидејќи е починат господинот. Како може да не реагирате починат пратеник а се кажува дека се потпишал. Мислам дека ова е нонсенс, ова го нема никаде. Вие претеравте, немате ништо људско.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Тантаров реплика. Ве молам, дегутантно станува да се расправаме за ноторен факт па според тоа, може да биде злоупотреба, не е исклучена, но овде е нејасно во двете графи е потпишан еден пратеник.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Прво, господа пратеници од Либерално - демократската партија, јас прашав дали е грешка или не е каде стои број 17 покојниот Тодосија Паунов мојот добар пријател, сите знаеме дека почина пред нова година на неговата графа стои потпис.

Второ, кога сите знаете, да не го споменуваме повеќе нашиот покоен праеник, тој е покоен, зошто и понатаму во вашите списоци за интерпелација или други барања да стои Тодосија Паунов. Дали имате секретарки, секретари или било што, имате два кабинети, координатор, шеф на пратеничката група, имате претседател на партија, го има видено овој список да реагира дека овој човек не може да постои тука. Јас се сомневам дека овој потпис е негов и ќе барам вештачење на овој потпис. Не се смејте, затоа што има служба што ќе докаже дали тој потпис е на господинот Марјан Котлар или на покојниот Тодосија Паунов.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, тука не треба да има никакви дилеми непристојно е, некоректно е на починат човек да стои име и презиме како потписник на интерпелација.

Има збор г-динот Котлар.

**МАРЈАН КОТЛАР:**

Почитуван г-дина претседателе, почитувани дами и господа пратеници, мислам дека запливавме во едни крајно непријатни води со

кои веќе си играме со чувствата на луѓето, јас би сакал телевизиските камери да ја објават оваа интерпелација за работата на претседателот на Републичката изборна државна комисија г-ѓа Лилјана Ристова Ингилизова. Под реден број 17 починатиот г-дин Тодосија Паунов не е воопшто починат и не фигурира неговиот потпис. Под реден број 18 сум јас Марјан Котлар, јас ја имам потпишано оваа интерпелација. Доколку е технички возможно, мислам за волја на вистината ова ќе го расчисти случајот до крај.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам да си ги корегирате формуларите немојте старите да ги користите, тоа е мојата препорака. Има збор г-динот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувана претседателке, почитуван министре, јас ќе се обидам сепак кон оваа интерпелација да пријдам сосема конструктивно и коректно и оваа расправа да не биде бесцелна, но сепак да има своја содржина и своја суштина. Најмалку верувам дека подносителите на интеркалацијата имале за цел дека таа ќе има некое ретроактивно дејство во однос на резултати од изминати избори и слично. Верувам дека оваа расправа треба да ни користи и треба д ја искористиме во прилог на седницата на која ќе го усвојуваме законот за избор на пратеници и во тоа гледам можеби една драгоцена можност за да се она што ние го дискутираме денеска се обидеме на некој начин да го вградиме во законот за да

елиминираме вакви или слични можности и состојби.

Ако Врховниот суд прифаќа дека се важечки ливчиња на кои е основно определбата за листата, а во неа и било кое заокружување на еден или НН личност, тогаш дајте таквото нешто да го вградиме и во законот за оние пратеници што ќе се бираат по пропорционален модел. Да вградиме такво нешто и да елиминираме вакви нејаснотии.

Прашањето на Државна Изборна Комисија, изборни комисии, изборни одбори мислам дека треба да се приближува кон она што значи минимум учество на она што значи во некоја насока - власт, а Врховниот суд, апелационите судови и основните судови се дел од она што се вика независна трета судска власт. Спрема тоа, ќе биде добро ако во оваа насока се избориме претседател и заменик од редот на она што значат институции на судството, а се друго да бидат кандидати кои ќе ги предлагаат учесниците во изборите. Позиција - опозиција каде исто така има многу работи кои ќе треба од досегашното искуство да се обидеме да ги рафинираме.

Прашањето на позиција што е сега тоа позиција? Имавме господа сојузи, па тие се двојат, имаме опозиција компетентна, имаме опозиција која не учествува, имаме опозиција се повлекува, ќе имаме случаеви каде позиција или опозиција не учествуваат на пример во вториот круг на избори по мнозински модел, затоа што немаат кандидат. Дали останува нивната компетенција и одговорност еквивалентна на одговорност. Не. Веднаш ќе ви кажам не. Така што отвораме добри работи кои мораме да ги елиминираме за да не ни се случуваат. Маратонот во Тетово, повторувам, од сто дена за локалните избори ни укажа на вакви работи кои мораме да ги отстраниме.

Маратонот во Тетово, сигурно дека се одвиваше со здушна поддршка и на општинска изборна комисија, па ако сакате и на Државна изборна комисија. Не смееше, Државната изборна комисија да дозволи по првите сигнали, дури некаде во вториот дел да го промени претседателот на Општинска изборна комисија на Тетово, еден од замениците даде оставка на Општинска изборна комисија, а тоа да биде дури во онаа фаза кога ќе почнат одредени манипулации, па ако сакате и притисоци. Не е тоа тајна. Така што оваа интерпелација предлагачот знае однапред дека нема да помине без оглед што ќе добие и моја поддршка затоа што и ние имаме причина на локалните избори во Тетово и дополнителните реагиравме на повеќе пати, но како една мапа партија неавторитетна без толку можности да се избориме за еден статус, бевме обесправувани многу повеќе отколку што е оваа во Битола, најискрено да Ви кажам. Но и во Битола, прашањето е сега што е законско, што е морално, што е демократска обврска. Законско право е на предложените членови во комисиите да се откажат. Сега ние како партија остануваме да висиме, да лебдиме во воздух. Прашање е колку е морално да го речеме и демократска заложба на компетентните изборни комисии да ги информираат партиите. Зошто? Утре, сватете, избори на ниво на држава по двата модела огромен број на учесници во тие избори во смисла на членови на комисии. Зошто не претпоставиме потплатен човек во изборна комисија предложен од партија. Ќе биде потплатен, зошто да не. Ќе биде V колона. Зошто јас како партија да не знам дека тој мој човек поднел оставка, се откажал. Треба да размислуваме за овие практични работи, за да ги елиминираме можностите дека изборите можат да бидат лажирани, недемократски и пристрасни.

Изборната комисија можела едноставно општинските ограноци да ги информира дека некој поднел оставка, некој ќе биде болен отпосле не е битно. Тогаш во таа ситуација ќе имавме многу почиста состојба. Не дека тоа ќе влијаеше на изборите, гарантирам не. Добро забележа претседателката, нема некои жалби, некои големи забелешки. Имаме некои информации дека изборите се обавени сосема коректно на она што значи терен, а тоа се изборните единици. Тоа се оние изборни места каде се решава војната, да се разбереме, таму се тие можности. Еве имаме сега изборни легитимации, имаме избирачки списоци. Зошто да не еволуираме и во оваа насока ова да биде еден драгоцен придонес законот кој за дваесетина дена треба да го добиеме тука на усвојување, и мислам дека најмалку оној дел што значи права и слободи и што значи неприкосновено право треба да го гураме во компетенции, во ингеренции на актуелната власт. Актуелната власт е судската власт, да се разбереме. Немојте да се однесуваме имаме само законодавна и извршна власт кога се во прашање изборите. Не. Судската власт тука можеби е точно оној арбитар кој треба да ги одмери состојбите во исправност на изборната постапка, процедура, изборите.

Спрема тоа, се што предлагаме и во интерпелацијата и како искуство го актуализираме ќе биде драгоцено ако успееме да го вградиме во законот кој треба да го донесуваме. Со тоа на најјасен начин реагираа некои пратеници, ќе докажеме дека сакаме демократски, фер и непристрасни избори.

Една друга замерка опозицијата премногу зема одговорност дека треба да бидат претставници на опозиција од партии кои имаат над 5%. Можеби ќе биде 10%.Дали таа одговорност опозицијата може мериторно,

меродавно и квалификувано да ја исполни во име на сите опозициони партии. И тука велам не. И тука мораме да размислиме за поголема ширина во однос на резултати од локални избори, интерес, рејтинг на партии, застапеност на кандидати и слично, така што и тоа ни се некои решенија кои утре ќе ја доведат Државната изборна комисија до непријатни состојби. Да, опозициони партии реагираат на несоодветно однесување на опозиција. Ова се искуства кои ги изнесувам со најдобра намера од оваа интерпелација свесни дека со 25-26 луѓе во парламентот нема да помине, но нека биде еден драгоцен придонес вакви работи да не ни се повторуваат, нема потреба од тешки зборови, од пресметки кој добил повеќе можел да повеќе или помалку, не е битно. Изборите се завршени и мислам дека на нас останува оваа денешна расправа да ја искористиме за изборен закон кој ќе елиминира вакви можности за дури несакајќи вовлекување во она што значи недоизграден правен норматив во поглед на закон за избор на пратеници или утре нешто друго.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас нема да се задржам на говорница, само би напомнал една работа на господата што ги поднесоа и првата интерпелација за работата на членот на Владата на Република Македонија и министер за стопанство Борис Рикаловски и за втората интерпелација за работата на

претседателот на Републичката државна изборна комисија Лилјана Ристова Ингилизова.

Во првата интерпелација рековме она што го рековме минатата недела. Немавте ниту една сериозна забелешка за поднесување на таа прва интерпелација. Исто така и за втората. Ја прочитав ицелно, но тука воопшто нема ниту една сериозна забелешка за која би можело да се поднесе една таква интерпелација. Ако за првата интерпелација расправавме пред една недела и денеска расправаме за втората интерпелација, веќе за Либерално- демократската партија кампањата за третите парламентарни избори почнала. Јас би рекол само нешто. Да не беше од Народната банка прегледот за издадените девизи можеби ќе бевме во заблуда. Но, гледам дека се однесувате, а не задржавте веќе скоро цел ден како јабанџии внатре во овој висок законодавен дом на државата. Како да од страна ги гледате работите. (реакција од пратениците на ЛДП) И ако сте надвор реков се однесувате како јабанџии во високиот државен дом на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, смирете ги нервите малку.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Ако сте опозиција, што така е, барем бидете конструктивна опозиција. Благодарам.

IX/1/CJ/лј

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван г-дине претседателе, почитуван г-дине министре, г-дин претседател на државната комисија, почитувани пратеници,

Верувајте дека немав ни на крај памет да станам и да кажам нешто, меѓутоа овие саати што ги поминавме овде, ме натераа да станам и да кажам неколку зборови. Јавно да кажам дека ќе поднесам интерпелација, не ја викам интерпретација, туку интерпелација против генералниот директор на телевизијата заради тоа што таму никогаш не ме дале ни на централен дневник, било да е на трети вести, што зборува Фаик, дали криво, дали право, дали убаво, дали лошо, ама токму ништо. И, за тоа многу ми е криво и заради тоа ќе поднесам интерпелација.

Мислев дека денеска ќе се задржиме на оваа втора точка некаде околу половина до еден час најмногу, ќе се разбереме и од една и од друга страна и мислев дека ќе наидеме на едно разбирање меѓу себе за понатаму да не се повторуваат одредени грешки, ако постоеле грешки.

Јас не знам овој дневен ред што е овде, сигурно ќе ни одвлече пет дена, тоа значи пет дневници, патни и дневни, пет дневници овде скопскиве пратеници, па трошоци, па тн. и да не зборувам, знаете како е нели? Ама сме богати, за ова се вели, "село се плени, а бабата се чеша". Опростете, може би грешам, може би не мислам добро, но тоа е. Зарем не е поважно прашање од ова, прашањето на денационализацијата, прашањето на експропријацијата, прашањето за измените и дополнувањата на законот за санација и реконструкција на дел од банките на РМ, зар не е подобро ние да разговараме за предлог за измена на јавните односно за именување на јавните обвинители, зар толку не можеме да оцениме дека ова што ни е извештај за работата на Агенцијата за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, за една година, а знаеме дека имаме од Светската банка гостин.

IX/2.-

Ако не се лажам, колку што го разбрав човекот не се изрази така да речам баш убаво за приватизацијата, може јас погрешно мислам, но така го разбрав. Значи, не е тоа многу важно, ова е најважно.

Овде многу се спомнуваат некои непознати зборови агенци, магенци итн. Врска немам, парламент, совет, Унија, кажи го на македонски дневен ред, не се на дневен ред одбиваат да говорат, Европска Унија, ќе го разбере и едно дете. Добро е, да спроведуваме ние што е така добро Со ова сакав да кажам она што рече претходниот колега, се чини, "почело је почело" - кампањата. Мислам дека е срамота ова што го правиме Имаме време после годишните одмори да се испокараме и тоа уште како. Ќе ни се смее народот. И ни се смее. Со ова вака што го правиме цел ден, губиме толку време за оваа работа, толку ни е важна оваа работа. Воопшто не е важна. За многу кратко време ова можеме да го расчистиме. За што постоиме овде 50-60 души. за тоа не не гледаат, не не почитуваат, не не респектираат

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитуван министре,

јас му се извинувам на г-динот Харуни што му одземавме време со својата интерпелација, веројатно сега ќе држеше часови на така-наречениот Универзитет и ќе го исполнеше своето време, веројатно подобро Пред оваа седница имавме интерпелација на која, па и сега двајца дискутанти еден во својот стил даваше збор и уште еден денеска кои ни го разубавија животот и не вратија во далечните години, во 1948 год., и не прашуваа зошто токму 7 луѓе се потписници на оваа

интерпелација, каде се другите, значи требаше да се изјасниме за информбиро или за против или за. Такви прашања се поставуваат.

Денеска пак ни се поставува прашање од еден пратеник, зошто, дали ти си гласал. Г-до пратеници, тоа се работи кои треба да се заборават. Мислам дека е важно да се исполни цензусот на број на пратеници кои треба да покренат иницијатива, а тоа е број пет. Се преку број пет воопшто не е прашање за дискусија. Така дојдовме до тој настап на еден г-дин, не би му го спомнал името бидејќи не би сакал со него воопшто да комуницирам преку говорница и сакам да кажам дека време е да застанеме тука и со такви инсинуации и инсистирања на некаква монолитност при потпишување, и дали ние седумте души кои сме се потпишале, сме можеби некоја атракција или алузија на тоа, не враќа многу назад.

Г-до пратеници, сите треба да знаеме дека постојат процедури и права кои треба да ги почитуваме. Со петте потписи е исполнето демократското право да се покрене иницијатива за интерпелација на министер И, тоа треба да се почитува. И тогаш не би западнале во замката да прашуваме дали е потписник некој од пратениците и дали овие што не се потписници се на другата страна. Дали може би тие што не се потпишани не се во монолитното единство во партијата.

Г-до пратеници ќе ви кажам независно колкав е бројот на пратеници потпишан, ЛДП е демократска партија и демократски се одредуваме, а го користиме правото повеќе од пред да се потпишат односно да се исполни демократското право за една интерпелација.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за г-дин Харуни.

Колку што знам, незнам г-дин Харуни ќе каже, не е професор на таканаречениот универзитет, туку на Педагошкиот факултет.

IX/4.-

СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:

Јас тоа пред малку го реков и бев многу дециден. Г-гата Лилјана Ингилизова е пречка и тоа допрва за третите парламентарни из- бори ако остане како претседател на таа Државна комисија.

Јас ако го реков дека и првата интерпелација и втората, веќе за вас г-да Либерали почната е изборната кампања , не го реков така случајно, но сепак пред јавноста ако народот тоа треба да го позлати, допрва тоа треба и да се чека. Јас мислам дека чекорот и начинот на постапка ваша, овде на говорница е како да се однесувате односно се однесувате како да не сте внатре во овој висок државен дом и како јабанции од надвор некако не сте запознати со текот и работата на оваа државна изборна комисија.

Првата интерпелација што беше за Борис Рикаловски, како да ви е туѓа и како да ви е страна, а дека тоа го правите изричито за третите парламентарни избори е кампања , допрва на г-динот му беше дека јас бев поранешен ректор на тетовскиот универзитет. Ние со тоа ако го направевме навремено, еве ќе го кажам јавно тука ние сакавме да испра- виме една грешка што државната администрација со време ја направи према нас према нас албанците и не ја поправи. Ако отворањето на тетовскиот универзитет каде што се потписници министри, Албанци од ПДП и вклучени дел од интелигенцијата на Албанците, допрва таа иницијатива е добро што ја презедоа затоа досега ако не друго, тој дел од популацијата на албанската народност била запоставена и тие бројки што ги имаме на запишани и завршени на двата универзитети во РМ, тие се знатно симболични.

Оваа говорница е злоупотребена и за некои други работи, ната- литет, популација едно, друго, и што не е изречено тука. Но, никој не рекол како може таа грешка да се исправи. Секако со образование младата генерација. Тоа е интерес и на Република Македонија и ваш личен интерес г-дине Станковски.

IX/5.-

Инаку, се друго што би рекол јас, би се оддалечил од темата што е на дневен ред. Но, г-ѓа Ингилизова допрва е пречка за Либерал-демократската партија доколку таа и натаму ке биде претседател на таа Државна комисија.

Повторно, на крај, мене така ми личи дека така се однесувате, инаку немате ниту еден сериозен и битен момент за што би гласал за вашата интерпелација.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Интерпелацијата за работата на претседателот на Републичката Државна изборна комисија - Лилјана Ристова - Ингилизова ја ставам на гласање.

Кој е за интерпелацијата, молам да крене рака?

16 пратеници гласаа за.

Дали е некој против?

48 гласаа против?

Дали некој се воздржува од гласање (Ниту еден)

Констатирам дека Собранието не ја прифати интерпелацијата за работа на претседателот на Републичката Државна изборна комисија.

Предлагам пауза до 16,00 часот.

Продолжуваме во 16,00 часот.

(Паузата започна во 15,5 часот).

Х/1.- НН/ЉР

(По паузата)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Да продолжиме со работа.

Сакам да ви предложам една мала измена на редоследот на точките од дневниот ред заради организирање на работа на некои институции. Станува збор за предлог сега да ја разгледаме 9-тат,10-тата и 11-та точка, да избереме јавните обвинители,замениците и ревизорот, па после продолжуваме со Законот за денационализација,

Дали се согласувате? (Се согласуваат)

Минуваме на точката 9 -

Предлог за именување на јавни обвинители на основните јавни обвинителства.

Предлогот за именување на јавни обвинители и Мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата Вис е доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? Дали некој друг бара збор? (никој) Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Преминуваме на гласање.

Предлог Костадин Кизов да биде именуван за Јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Кичево го ставам на гласање.

Кој е за за, молам да крене рака? (68)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Костдин Кизове именуван за Јавен обвинител во Основното јавно обвинителство.

Предлогот Томе Неделкоски да биде именуван за Јавев обвинител во Основното јавно обвинителство Прилеп го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (68 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Томе Неделкоски е именуван за Јавен обвинител во Основното јавно обвинителство – Прилеп.

Предлогот Лидија Георгиева да биде именуван за Јавев обвинител во Основното јавно обвинителство Струмица го ставам ва гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (68 пратеници)

Дали има некој против? (нема) Дали некој се воздржува од гласање? (не) Констатирам дека Лидија Георгиева е именуван за Јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во Струмица.

На именуваните јавни обвинители во основните јавни обвинителства им го честитам именувањето и им посакувам добро здравје и успех во работата.

Минуваме на 10-та точка -

Предлог за именување на заменици на основните јавни обвинители.

Предлогот за именување на заменици на основните јавни обвинители, Мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата и Дописот на Фимка Капушевска со кој ја повлекува кандидатурата за именување заменик на јавен обвинител во Берово Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Преминуваме на гласање.

Предлогот Славица Темелковска да биде именуван за заменик на основниот јавен обвинител - Велес го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (64 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Славица Темелковска е именуван за заменик на Основниот јавен обвинител во Велес.

Предлогот Ивица Ефремов да биде именуван за Јавен обвинител во Основното јавно обвинителство - Велес го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (68 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Ивица Ефремов е именуван за заменик на Основниот јавен обвинител - во Велес.

Предлогот; Петрко Вашлевски да биде именуван за заменик на Основниот јавен обвинител - Дебар го ставам на гласање.

Кој е молам да крене рака? (68 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Петко Вашлевски е именуван за заменик на Основнгаот јавен обвинител во Дебар.

Х/3.-

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој),

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Преминуваме на гласање.

Предлогот Славица Темелковска да биде именуван за заменик на основниот јавен обвинител Велес го ставам на гласање.

Молам да крене рака? (64 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Славица Темелковска е именуван за заменик на Основниот јавен обвинител во Велес.

Предлогот Ивица Ефремов да биде именуван за Јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Велес го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (68 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Ивица Ефремов е именуван за заменик на Основниот јавен обвинител во Велес.

Предлогот Петрко Вашлевски да биде именуван за заменик на Основниот јавен обвинител - Дебар го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (68 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Петко Вашлевски е именуван за заменик на Основниот јавен обвинител во Дебар.

Предлогот Драган Арсовски да биде именуван за заменик на Основниот јавен обвинител Куманово го ставам на

Кој е за, молам да крене рака? (69 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Драган Арсовскиe именуван за заменик на Основниот јавен обвинител во Куманово.

Предлогот Митко Атанасовски да биде именуван за заменик на Основниот јавев обвинител - Кавадарци го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (69 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Митко Атанасовски е именуван за Заменик на Основниот јавен обвинител во Кавадарци.

Предлогот Коле Штериев да биде именуван за заменик на Основниот јавен обвинител Скопје го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (69 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Коле Штериев е именуван за заменик на, Основниот јавен обвинител во Скопје:

Предлогот Гордана Гешкоска да биде именуван за заменик на Основниот јавен обвинител Скопје го ставам на

Кој е за, молам да крене рака? (69 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Гордана Шекоска е именуван за заменик на Основниот јавен обвинителство во Скопје.

Предлогот Серафим Јанев да биде именуван за заменик на Основниот јавен обвинител  Кочани го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (69 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Серафим Јанев е  именуван  за  заменик  на Основниот јавен обвинител . во Кочани.

Предлогот Стево Митевски да биде именуван за заменик на Основниот јавен обвинител Свети Николе го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (69 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Стево Митевски е  именуван  за  заменик  на Основниот јавен обвинител во Свети Николе.

X/6.-

Предлогот Душко Митев да биде именуван за заменик на Основниот јавен обвинител Радовиш го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (68 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Душко Митев е именуван за заменик на Основниот јавен обвинител во Радовиш.

Предлогот Стево Митевски да биде именуван за заменик на Основниот јавен обвинител . Свети Николе го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (69 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Стево Митевски е именуван за заменик на Основниот јавен обвинител во Свети Николе.

Предлогот Методи Иванов да биде именуван за .заменик на Основниот јавен обвинител - Штип го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (71 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Методи Иванов е именуван за заменик на Основниот јавен обвинител во Штип.

Предлогот Манка Јаневска да биде именувана за заменик на Основниот јавен обвинител - Кичево го ставам на

Кој е за, молам да крене рака? (70 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Манка Јаневска е именуваш за заменик на Основниот јавев обвинител во Кичево.

Предлогот Мимоза Мрмеска да биде именувана за заменик на основниот јавен обвинител во Прилеп го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (68 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Мимоза Мрмеска е именувана за заменик на Основниот јавен обвинител во Прилеп:

На именуваните заменици на Основните јавни обвинители им го честитам именувањето и им посакувам успех во работата.

Минувам не точката 11 - Предлог на одлука за избор на главен државен ревизор на Државниот завод за ревизија

Предлог на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

X/8.-

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? 67 пратеници гласа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на Главен Државен ревизор на Државниот завод за ревизија.

Да се вратиме на точката 3.

Предлог на закон за денационализација

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени. Отворам општ претрес.

Има збор г-дин Таки Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Почитуван г-дин претседателе, дами и господо, почитувани пратеници,

Ценејќи го фактот дека материјата што ја регулира Предлог-законот за денационализација е вонредно значајна и ценејќи го фактот дека таа создава сериозни обврски за Република Македонија мислам дека е добро со кусо воведно излагање да потсетам и уште еднаш на основните принципи од кои што се водевме при изготвување на Предлогот на законското решение, а исто така да потсетам и на основните содржини што се регулирани од самиот закон.

Пред да излеземе со дефинитивната верзија на Предлогот на законот посебно водевме сметка за три основни принципи, за кои што јас зборував и пред тоа во јавноста.

Првиот принцип се сведува на тоа дека понудените законски решенија мора да бидат во согласност со економско - финансиските можности на земјата. Со други зборови се водеше сметка за реалната економска моќ на РМ. Во оваа прилика само кусо сакам да ве потсетам дека РМ е соочена со еден прилично голем надворешно финансиски долг, кој што во годините по стекнувањето на независноста, како што знаете беше репрограмиран, а исто така регулирани се сите наши односи со кредиторите на РМ и со меѓународните финансиски институции. Тоа понатаму значи дека со самото регулирање на односите со нашите кредитори ние имаме фиксна и јасна обврска редовно да го сервисираме долгот, односно редовно да ги плаќаме достигнатите обврски кон меѓународните финансиски институции, комерцијалните банки и другите кредитори на Република Македонија. Се разбира дека тоа е еден фактор што долго- рочно ги лимитира можностите на домашната акумулација, меѓутоа, тоа е обврска од кој што Републиката не може да побегне.

Второ, исто така сме соочени со голем внатрешен долг по основ на старото девизно штедење и како што знаете сега за сега тука функционира едно решение со кое што Републиката во рамки на материјалните можности настојува колку - толку да го сервисира овој долг и од прилика по 36 до 40 милиони ДМ, просечно годишно има позиција во Буџетот на РМ токму за оваа намена. Според тоа, иако ова решение не е на задоволство на граѓаните кои што имаат депонирано старо девизно штедење и тоа го сервисираме повторно во рамките со материјалните можности на Републиката.

Исто така, постојат подолгорочни обврски на Буџетот врзани со санација на банките во РМ, за што е донесено соодветна законска регулатива и како што знаете издадени се обврзници од Република Македонија како за лошите кредити по однос на Стопанска банка, така и за

дел од старото девизно штедење во однос на банките и тие обврзници онака како што ќе стига ќе претставуваат терет на Буџетот. И тие ќе мораат, исто така, да се сервисираат.

Вториот принцип од кој што тргнавме при подготвувањето на Законот е следниот:

Поаѓајќи од ова што пред малку го реков, секаде каде што е тоа можно да се оди на принципот на реституција односно на враќање на имот во физичка, во натурална форма, се разбира доколку тој постои и тој принцип по мое длабоко уверување доследно е инкомпориран во Законот и ќе се обидам ја во моето воведно излагање тоа посебно да го потенцирам и, се разбира, да ги убедам пратениците во тоа. Меѓутоа, овде посебно укажувам на фактот и на оној израз кој што сакам повторно да го потенцирам - секаде каде што е тоа можно одиме на враќање на имотот во физичка, во натурална форма со цел среднорочно и долгорочно гледано да се намалат кеш плаќањата од Буџетот што преставуваат посебен финансиски товар. Таму каде што тоа не е можно, се разбира не се прави.

Третиот принцип, со овој Закон Државата изразува волја да го врати имотот што порано е одземен. Да ги исправи, би рекол да корегира една историска неправда при пропишувајќи притоа правила на игра кои што ќе и овозможат тоа дефакто да го направи. Како што гледате трите принципи се во склад и меѓу себе компатабилни. Што ова значи?

Ова последново значи дека ние кога го правевме Законот моравме да сметаме и на определени рестрикции што повторно произлегуваат од материјалните и финансиските можности на РМ. Впрочем, ваквиот принцип е инволвиран во сите закони од оваа област што постојат во екс социјалистичките земји, односно во денешните земји во транзиција

и тоа воопшто не е чудно. Сакам да кажам дека не можете да најдете закон, ниту во една земја во транзиција за денационализација каде што нема определен тип на рестрикција и ограничувања. Кај одделни земји предмет на враќање не е имот што не постои, што не е случај кај нас. Кај нас и тој имот се враќа. Во одделни земји, исто така не е предмет на враќање подвижен имот освен уметнички дела, а кај нас како што знаете и како што се гледа од Законот и тој имот е предмет на враќање.

Понатаму, има рестрикции или ограничувања врзани за проценката на вредноста на имотот. Фактички во сите закони во сите земји во транзиција обично Владата утврдува, донесува методологија за проценка на вредноста на имотите кои што треба да се враќаат. Тоа не е случај само и исклучиво во Република Македонија. Во други земји ограничувањата се од друг тип. Се враќа, да речеме еден дел од имотот по пазарна цена, а другиот се враќа по некои методологии за проценка на вредноста на имотот во моментот на одземањето, што владите ги донеле

Вие сите знаете дека по 2 Август 1944 година со различни закони и прописи, а во функција на формирање на социјалистичка сопственост на средствата за производство биле одземени различни водови или различни типови на имот, како што се земјоделско земјиште, шуми, пасишта, утрини, станбени згради, станови, деловни згради и простори жива стока и слично.

Ако го погледате членот 2 во Законот што ние го нудиме ќе видите дека едноставно таму се наброени сите закони врз база на кои што се одземал имот во временскиот период кој што го споменав. Значи по 2-ри Август 1944 година и тој имот се третира во Законот, односно во основа

тој имот е предмет на враќање содржан во Предлогот на законот за денационализација.

Сега би сакал почитувани пратеници пред Вас да кажам што дефакто е предмет на враќање, односно кој вид на имот ќе се враќа натурално, ќе се враќа физички, бидејќи постоеа обвинувања дека ова е Закон кој што дефакто значи навраќање и слично, што не е точно.

Најпрвин, меѓу првите членови е кажано дека големите имоти се предмет на враќање. Да ве потсетам и да појаснам за што станува збор.

За време на Втората светска војна граѓани во РМ биле насилно истерувани од своите имоти, значи од своите станови, од своето земјиште од страна на окупаторот, од страна на помошници на окупаторот и слично. Меѓутоа, веднаш после војната тие имоти во основа биле враќани на луѓето, на оние кои што претходно ги поседувале, со тоа што при враќањето се водело сметка за тананареченииот максимум на имот што може едно лице да го поседува во склад со идеолошките предубедувања во тоа време. Едноставно кажано, да речеме ако четворочлено семејство било истерано од стан од 80-90 м2 Му се враќале 60 м2 ако се сметало дека за едно четиричлено семејство се доволни 60 м2, а остатокот му бил одземен. Тоа се тие таканаречени големи имоти кои што биле предмет на враќање, меѓутоа,не во целост и таа разлика натаму сега е предмет на враќање и тоа е регулирано во Законот. Тоа е тој член што се однесува на враќање на големите имоти.

Проблемот со конфискацијата беше еден од посложените проблеми и тие имоти се третираат исто така во Законот, со тоа што Законот настојува да разлачи, така да речам, раздвои два периоди врзани со конфискацијата.

**XI/1.- ЈМ-ВБ**

**ТАКИ ФИТИ:** (Продолжение)

Едниот временски период е од 1944 година до 1951 година кога бил донесев Кривичниот законик бил период кога конфискацијата постоела и кога таа имала типично идеолошка конотација. И значи од идеолошки причини се одземал имот на граѓаните, а во функција на планирање на социјалистичка, односно подоцна општествена сопственост над средствата за производство. И тој период на конфискацијата кога биле одземени имоти во 1951 година јасно стои во законот дека за тој временски период одземените имоти по пат на конфискација се предмет на денационализација односно на враќање со овој закон, со тоа што се прави исклучок за оној конфискуван имот што бил врзан за дела за воени злосторства како што е смрт, разузрнување, експлозии, грабежи и сл. После тоа често пати конфискацијата била употребувана како дополнителна мерка за сторени кривични дела и нема никаква логика сега да се отвори процес на преиспитување на сите судски постапки и одлуки кога бил велам имот одземан заради сторени кривични дела, на суд оделе луѓе и како дополнителна мерка меѓу другото се вршела и конфискација, одземање без да се плати противвредност на имотот. Понатаму недвижност чија што вредност во меѓувреме е зголемена над 50% исто така е предмет на враќање со тоа што поранешните сопственици можат да избираат по три основни приоритети: натурално или физички да им се врати недвижноста. Имотот доколку претходно платат надомест за зголемената вредност на имотот по претпоставка дека таа е зголемена за повеќе од 50%. Сосема обратна ситуација ако државата одзела имот чија што вредност е намалена и ако поранешниот сопственик сака да си го врати тој имот, бидејќи имотот постои, тогаш државата е таа што ќе мора разликата од 50% на намалената вредност да му ја исплати на поранешниот сопственик. Ако не сака поранешниот сопственик да прифати такво решение да претпоставиме затоа што нема доволно финансиски средства да го плати надоместот, тогаш може да оди на

косопственички однос со сите права што ги носи косопственоста од тоа. И се разбира може да избере поранешниот сопственик и да се одлучи за плаќање на надомест. Значи овде има право на избор помеѓу овие три алтернативи, или варијанти што ги нуди законот.

Понатаму, се враќа во сопственост исто така земјоделско земјиште, шуми, шумско земјиште, пасишта, утрини. Тука има навидум едно ограничување кое што вели дека таму каде што има комплекси на шуми и шумско земјиште може да се воспостави и косопственички однос меѓутоа ако ја гледате другата алинеја од законот јасно произлегува дека притоа можна е дури и физичка делба и оној што бил сопственик да си го земе својот дел од имотот. Според тоа, ваквото ограничување не го дерогира законот односно основниот принцип на враќање на овој тип на имот земјоделско земјиште, шуми, шумско земјиште, пасишта, утрини. Станбени згради во кои што не живеат носители на право на користење исто така се враќа во сопственост. И тука нема никакви пречки. Деловни гради и деловни простории исто така се враќаат во сопственост. Според тоа, сите овие видови, или типови на имот што претходно ги споменав очигледно можат да се вратат физички, во натура Според тоа, тој принцип на реституција очигледно во законот е респектиран, се разбира тоа не може да се направи ако физички имотот не постои, меѓутоа таму каде што физички постои во основа нема пречки тоа да се направи, односно да се врати. Меѓутоа за оние имоти кои што физички не постојат, или заради други причини не е можно враќање тоа не значи дека не се враќаат, туку напротив се плаќа надомест. Еве сега почитувани пратеници да ве потсетам, според предложените законски решенија за кој дел од имотот се плаќа надомест. Надомест најпрвин се плаќа за имот кој што со закон станал добро од општа употреба. Тоа е сосема сватливо, да речеме плоштади, улици, сообраќајници кои што веќе сега постојат, таму постоеле згради, се рушеле итн.

тие физички повеќе не постојат и затоа тие поранешни сопственици се упатуваат на плаќање на надомест. Исто така, национализиран сточен фонд се плаќа надомест, тоа се стада, овци, кози, крупен добиток и сл. Натаму имот кој е во функција на одбраната и безбедноста на земјата од разбирливи причини поранешните сопственици се упатуваат на надомест Имот кој што се користи во јавни здравствени установи и државно образование како што се болници, амбуланти, училишта, детски градинки и сл. Она што се разбира предизвика најголеми проблеми, тоа се становите во кои што живеат носители, луѓе кои што стекнале станарско право односно носители на станарско право. Вие знаете дека дефакто најостри реакции и најголеми проблеми предизвика ова предлог - решение во законот. Тука имаше реакции, имаше напади, критики најверојатно овој дел од законот меѓу другото предизвика да се даваат квалификации дека ова е закон за денационализација, закон за не враќање итн. Проработија да кажам и чувства и страсти и емоции и сето тоа во основа е разбирливо. И по овој повод јас кажав дека навистина со еден ваков загон кој што во основа се сведува на голем социјален проект не може оптимално праведност да се обезбеди . Тука беа насочени критиките итн. Меѓу- тоа не може да се очекува да се постигне некое оптимално право со вакви големи социјални проекти бидејќи ние за тоа треба да бидеме до крај свесни објективно ставени во ситуација да исправиме една историска грешка, една неправда која што е направена од прилика пред 50 години и најверојатно 60, или 70% од денешната популација на РМ во тој временски период не биле родени. Но, ете сега моментот бара меѓу другото оваа генерација да го понесе тој терет на враќање на имотите кои што порано биле одземени. Ние мораме да бидеме до крај објективни и реални, да бидеме свесни за фактот дека во услови кога ресурсите на земјата се ограничени, во услови кога имотот е даден една фиксна големина секоја прераспределба на имотот не може да не биде на штета на едни, а во корист на други. Таа е основна

законитост во економијата. Колачот е тој, таа распределба мора да се изврши и таа цена, општествена цена мора да се плати и во основа меѓу другото добар дел од теретот и со кеш плаќање дури и при вакви рестриктивни решенија ќе го понесе Буџетот, а Буџетот да ве потсетам нема од каде да собира средства освен од даноци што ги плаќаат граѓаните и претпријатијата. Според тоа ние мораме во оваа смисла да бидеме и одговорна влада, бидејќи ако се појде со решение кое што не одговара на реалните можности на Републиката, утре друга влада ќе се најде во ситуација да не може дефакто овој закон да го имплементира и да го реализира. И без оглед на критиките дека е премногу рестриктивен, утре таа друга влада ќе каже еве, што направи таа и таа влада, со какви решенија појде кои што фактички реално не можат да бидат спроведливи. Мислам за тоа едноставно објективно ние мораме да водиме сметка. Јас сакам да ве убедам дека навистина е водено сметка за сето тоа и морам да кажам дека овој дел од проблемот беше најтежок и тоа предизвика најголеми дилеми и кога го дававме предлог - решението. Вие слушнавте во однос на ова многу различни погледи и сфаќања дури и на врвни експерти и правници во јавноста од оние кои што велат дека во Уставот нема обврска за денационализација, дека тоа е атентат врз Уставот до оние кои што велат дека социјален проблем со луѓе кои што живеат во становите објективно постои, тој е реален, тој е тука, меѓутоа од правен аспект понуденото решение е во нок-даун со Уставот, а истиот устав, Уставот на Република Македонија меѓу другото вели дека Република Македонија е социјално пазарна економија. Сега тоа не важи во Уставот, а важи она другото дека било неуставно решение. Не сум правник и не сакам да навлегувам во таа проблематика, го кажувам ова пред вас почитувани пратеници за да ја сватите комплексноста на материјата, проблемите и дилемите со кои што објективно бевме соочени

Од друга страна ако ги погледате по однос на ова прашање стандардните решенија во најголем број на земји во транзиција ќе констатирате дека во најголем број на земји во транзиција се оди со формулацијата дека станови во кои што живеат луѓе со станарско право се враќаат во сопственсот, меѓутоа ефективно до враќање на сопственост не дојде никаде. Дојде до трансформација на правото на користење во закупнички однос, тоа се случи и тоа значи дека поранешните сопственици примаат рента односно кирија од луѓето кои што живеат, меѓутоа никаде не се случи луѓето да излезат на улица, бидејќи тоа прави друг тип на проблеми. Ние во една ваква ситуација се одлучивме да одиме на надомест и обесштетување на поранешните сопственици кои што имале станбени згради да ги обештетиме по истите принципи кои што се однесуваат за другиот имот. Најверојатно тука беше и лоша проценката на Владата, мислевме дека тоа не е така лошо решение, меѓутоа очигледно незадоволството од тоа беше големо и искажано се разбира и во јавноста, меѓутоа тоа е предлогот со кој што Владата во оваа ситуација истапува и пред Собранието.

Понатаму се врши надомест исто така за имот во претпријатија кои што се во стечај, или претпријатија во кои што стечајната постапка е завршена, се оди на надомест. Значи сеедно дали претпријатието е во тек на стечајна постапка, или пак стечајната постапка порано е завршена, тоа е ликвидирано и покрај тоа луѓето кои што имал некаква сопственост во тие претпријатија се упатуваат на надомест, односно можат да добијат надомест. Знаете кое е решението во врска со претпријатијата кои што влегоа во процесот на трансформација. Според законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал во такви претпријатија кои што одат во процес на приватизација поранешните сопственици беа повикани да ги пријават своите побарувања, беа поканети, повикани да ги пријават своите побарувања и Агенцијата врз таа основа вршеше резервирање на капитал, односно на акции и таков

резервиран капитал во Агенцијата постои. Се разбира дека во практиката може да се случи резервираниот капитал од страна на Агенцијата да не биде доволен во определени случаи, меѓутоа законот ги упатува поранешните сопственици на правото да бараат и разлика над она што е резервирано. Тоа може и договорно да го прават новите сопственици, или оние што го презеле управувањето заедно со поранешните сопственици за да се надминат тие проблеми. Според тоа, сакам уште еднаш да повторам почитувани пратеници дека плаќањето на надомест во случаи каде што тоа е оправдано не е невраќање на имот како што често пати тоа сака да се прикаже. Во кои случаи не може имотот да се враќа. Мислам дека не е толку многу рестриктивен законот во овој дел. Во законот е кажано дека имот за кој е определен и примен надомест не е предмет на враќање, меѓутоа тука има исклучок сега во позитивна смисла каде што вели дека сопственикот доколку имотот постои ако мисли дека тој надомест што тогаш му е даден е не- праведен според методологијата ќе се пресмета сегашната вредност на надоместот, ќе се покани да го врати тој надомест и да си го земе повторно имотот. Тоа законот очевидно го дава ако внимателно го прочитате тој член од законот. Според тоа и тука се враќа имотот ако тоа го претпочитува поранешниот сопственик со тоа што надоместот треба да го врати. Поклонет имот не е предмет на враќање. Ова е прашање за кое што верувам дека ќе има дискусија овде, гледам дека има и амандма- ни по тоа прашање итн.И не може да се враќа имот на луѓе кои што немаат државјанство на Република Македонија. Тоа се тие клаузули. Според тоа не се точни квалификациите дека ова е закон за невраќање. Гледате од ова што го кажав дека во голем број на случаи се оди на физичко враќа- ње на имот, јасно е тоа кажано во законот, во голем број на случаи се оди на надомест, а навистина се многу мал обем, ограничени се случаите каде што нема враќање на имот.

Што е со експропријацијата? Вие знаете дека во тој контекст имаше исто така критики, ете, експроприран имот не е предмет на враќање. Па од таму повторно квалификации, ова е закон за невраќање. Ве молам почитувани пратеници,не може имот кој што е експроприран да биде предмет на третман во овој закон од простата едноставна причина што експропријација постоела тогаш во тоа време, експропријација постои денес, експропријација ќе постои и во иднина, експропријација во секоја земја современа, цивилизирана се врши заради постигнување на определен јавен интерес и тоа е јасно, ако тука поминува сообраќајница, улица, а има имот, се одзема имотот, се рушат куќи и улицата,или железничката пруга, или некој друг значаен објект ќе помине тука. Меѓутоа, за тоа има соодветен закон и во Република Македонија кој што вели јасно дека имотот се одзема заради јавен интерес, но се врши фер обештетување според пазарна цена. И тоа функционира и ден денес во Република Македонија. Дури да ве потсетам постојниот закон за експропријација јасно вели дека може имот што е сега, или порано експррприран да биде вратен доколку после експропријацијата одземено место, или имот каде што бил имотот лоциран не биде употребено за она за што било предвидено да се употреби со самиот чин на експропри-јацијата. Како што може на луѓето да им се даде и соодветен надомест ако не им бил даден надомест според пазарна цена. Тоа постојниот на закон го регулира јасно. И оттаму нема никаква логика, нема би реи елементарна логика експропријацијата да биде овде во овој закон.

Предизвика проблеми градежното земјиште. Јас ќе ви кажа отво-рено почитувани пратеници беше дилема на Владата кога ја подгову-вавме завршната верзија на законот, дали проблематиката на градеж ното земјиште и враќањето на градежното земјиште да се регулира со овој закон, или со друг закон. Ние очевидно се одлучивме тоа да го

направиме со законот кој што многу брзо треба да дојде овде пред овој Парламент за користење на градежното земјиште. Фактички проблематиката на земјиштето и користењето на земјиштето земјоделско и градежно е многу комплексна. Таа влегува во најкомплексните сфери бидејќи е врзана со право на сопственост, врзана е со доход од овој ограничен ресурс, специфична е бидејќи земјата насекаде е ограничен ресурс, природно ограничен, а во Република Македонија тоа особено тежи бидејќи сме мала земја итн. Владата мислеше дека треба комплексно да се разреши овој проблем и да не се комплицира законот за денационализација, туку едноставно Министерството за урбанизам е сосема при крај во изготвување на верзија за градежно земјиште каде што ќе се понуди и соодветно враќање на поранешните сопственици кои што имале градежно земјиште Исто така ќе се донесе и закон за користење на земјата, меѓутоа овој дел од градежното земјиште кој што е многу специфичен во Република Македонија ќе биде враќан според законот за користење на градежното земјиште. Како ќе се врши надоместувањето на имотот? Основното решение оди на обврзници кои што гласат во германски марки без камата во апоени од 50,100,500 и 1.000 германски марки. Притоа како што гледате почитувани пратеници во самиот закон постојат два типа на обврзници. Обврзници таканаречени обврзници од серија А и обврзници од серија Б. Притоа поранешните сопственици имаат право сами да одлучат на кој тип на обврзници ќе одат при нивното обештетување кога станува збор за обврзници од серијата А треба да се каже дека тој тип на обврзници им овозможува на поранешните сопственици што ќе се определат за нив надоместување на одземениот имот во полн номинален износ, или 100% од утврдената вредност на имотот во моментот на неговото одземање. Значи тука обештетувањето оди номинално до 100% од вредноста на имот. Поинаку стојат работите со серијата Б каде што надоместувањето оди со низа лимитирачки фактори односно ограничувања бидејќи обврзниците од серијата Б фактички се

однесуваат на плаќање паричен надомест односно плаќање во кеш што за државата претставува финансиска обврска и овој закон морам тоа отворено да го кажам објективно е така, го дестимулира таквиот тип на плаќање, меѓутоа оние луѓе што ќе се определат на тоа не може законот да ги запре, се разбира. И кај овој тип обврзници од серијата Б надоместувањето оди до 60% од номиналната вредност при што максимумот на надоместување оди до 100 иљади германски марки и рок на амортизација на обврзниците 30 години. Се разбира дека ваков тип на ограничување со максимирање на сумата која што може да се добие во кеш, во готово постои и во други земји во транзиција. Според тоа не е специфика на предлог законското решение што го нуди Република Македонија. Е сега за што можат да се употребат тоа е овде мислам битно да ве потсетам, за што можат да се употребат обврзниците од серијата А. Јас ќе ве повикам на член 39 од Законот во кој што се фактички стриктно наброени, велам во член 39 начините, можните пристапи на употреба на овие обврзници од типот А. Тие можат да се употребат, или да се заменат за акции и удели на претпријатијата кои ги поседува Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

XII/1 СС/ЛБ

**ТАКИ ФИТИ:** (продолжение)

Станува збор за резидуалите, почитувани пратеници, што постојат во Агенцијата и што не се мали. Постојат кај голем број на претпријатија. Набрзо, Владата ќе излезе со предлог со промена на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал во кој што , меѓу другото , ќе се овозможат шеми за забрзување на продажбата на резидуалите што ги поседува Агенцијата, но исто така ќе одиме и со промена на членот 290 од Законот за трговски друштва.

Тоа има, меѓу другото, основна цел и задача да го забрана за процесот на приватизација, меѓутоа исто така да го раздвижи, да го разигра пазарот на капитал во кој што и овој тип на обврзници ќе игра значајна улога.

Натаму, обврзниците од серијата А можат да бидат употребени за акции и удели на претпријатија резервирани за поранешните сопственици. Тоа е оној дел од акциите што се резервирани за претпријатија што влегле за приватизација, а каде што поранешните сопственици пријавиле имот.

Исто така, тие можат да бидат заменети за акции и удели на претпријатија со кои управува Агенцијата за санации на банки за купување на државен имот понуден на продажба и за чиј откуп е предвидена можност за плаќање со државни обврзници и за друг еквивалент на сопственост определен со закон.

Ете, тоа се многу значајни определби во Законот кои упатуваат на начинот на употреба на обврзниците од серијата А.

Бидејќи ќе треба за оние поранешни сопственици кои ќе се определат за примање на паричен надоместок и соодветни парични фондови, член 41 регулира од каде ќе се алиментира тој фонд од што ќе се вршат плаќањата во готово.

Тој вели дека дел од тие средства ќе се остварува со трансформација на претпријатијата со општествен капитал, со програмите што ќе ги донесуваме за приватизација на претпријатијата со општествен капитал, а програмата ја усвојува Собранието, може да се предвиди дел да одат во тој фонд. Ќе се предвиди врз база и на овој закон.

Понатаму, средствата од продажба на имот на РМ што со друг закон не се определени за друга намера.

Натаму, средствата остварени од закуп на државен имот, ако со друг закон не се определени за друга намена.

Средствата што се остваруваат според одредбите од овој Закон, надомест за вратен имот, оној член напред со 50% зголемена вредност. Значи, надомест за зголемена вредност на вратен имот, данок на наследство и сл. и, се разбира, остатокот се пари што ќе се плаќа од Буџетот на РМ. И, сите овие средства од овој член 41 ќе се прибираат во Буџетот на РМ и ќе се водат на посебна жиро сметка што ќе гласи "Средства за денационализација". Тоа е она што го регулира законот.

Сосема на крајот да потсетам само со неколку зборови, на некои аспекти на постапката врзани за денационализацијата. Тука е јасно регулирано, дури и детално кои документи треба понатаму поранешните сопственици да ги поднесат во органот за денационализација Меѓутоа, она што беше посебна дилема и поинаку беше разрешена во претходниот предлог закон е следната: дали да се формира посебна комисија за денационализација или, како што имаше овде предлог од пратениците на матичната комисија за буџет и финансии, да се оди евентуално на посебна агенција што ќе ја води целата постапка.

Се разбира, размислувавме, го гледавме тоа и сакам во оваа прилика да кажам следно, мислиме дека не е рационално, дека тоа ќе

претставува дополнителен трошок ако се оди на формирање посебни комисии што требаше да бидат составени од правници и економисти. Пресметавме дека за тоа ќе бидат потребни 230 луѓе, ангажман на високо стручен кадар што дефинитивно ќе мора да се плати.

Мислевме дека далеку побезболно и поефтино решение е, а ми се чини може да биди и доста ефикасно, целата таа работа да ја препуштиме на Министерството за финансии, односно на управите за имотно правни работи што постојат и функционираат во рамките на Министерството за финансии и во сите подрачни единици на Министерството за финансии. Тука се вработени луѓе кои треба до крај да се искористат да работат и на овој проблем , особено заради фактот што порано, кога се одземал имот било инволвирано тогаш Министерството за финансии, како се викало тога, имотно - правни односи. Еден дел од документацијата најверојатно се наоѓа таму и сл.

А, се разбира дека и основната документација врзана со анкетата што ја спроведуваат, ми се наоѓа во Министерството за финансии, сметаме дека тоа е поупатно, поевтино и поефикасно решение и затоа се определивме за него. Се друго со постапката е повеќе техника, така што не би сакал сега посебно, почитувани пратеници да ви одземам од времето , видејќи тоа се работи што можат овде да се видат.

Благодарам на вниманието, со молба до вас , го познавам Деловникот, знам почитувани дами и господа, почитувани пратеници дека Деловникот дава можност амандмани да се даваат во целиот период. Вие, тоа право, можете апсолутно да го користите.

Меѓутоа, би ве замолил, ако е тоа можно амандманите и пратениците кои сакаат да поднесат амандмани тоа да го направат што е можно побрзо, и по можност и во текот на денешниот ден, бидејќи сепак

станува збор за комплексна проблематика што секогаш има импликации и тоа финансиски импликации, за да можеме внимателно да ги проучиме да се исконсултираме и, се разбира, да одиме на нивно конкретно усвојување. Благодарам на вниманието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Еве, еден долгоочекуван закон кој помина за среќа во една редовна постапка, ги помина сите три фази и денеска е конечно при усвојување.

Сето она што значи огромен интерес на најшироката јавност во последно време имплицираше и многу активности, многу забелешки, со право реакции од сите страни и , како што е нормално, најповеќе од оние кои се директно заинтересирани и ова не го очекуваат од овој закон.

Велам, многу очекуваа затоа што објективно земено од првата фаза некаде во ноември 1995 год, до денес скоро 2, 5 години оваа последна верзија сепак претставува едно порестриктивно решение во однос на она што значеше прва фаза, а мислам дека реакциите на јавноста повеќе се резултат, можеби , на она што значеше големо ветување големо охрабрување, а врз база на сето тоа и голема надеж дека навистина со овој закон најголем дел од она што значи национализација ќе биде исправено , ќе биде ревидирано преку оваа денационализација.

Можеби во таа насока и Владата и ние како пратеници гаевме еден огромен оптимизам што сега се гледа дека не бил реален и на некој начин граѓаните сме ги довеле во една состојба на лажни надежи дека

навистина ќе успеат најголем дел од она што значи враќање на имотот да биде реализирано.

Објективно да се исправа една неправда како што рече министерот историска после 50 години е многу тешко. Мислам дека во тој поглед мораме да имаме разбирање за предлагачот, особено за ресорното министерство што овој амбициозен проект го започна еден министер а треба да го заврши актуелниот министер.

Се додека од еден период од 50 години доведува до многу промени, доведува до многу нешта, доведува до сосема изменети услови не само на размислувања туку и до генерална промена на еден амбиент што бил пред 50 години и што го имаме денеска.

Во сето ова, мислам дека практично и ние лично се соочуваме со тоа што значи дали во сето ова можеме да најдеме еден рационален и колку е можно пореален приод без да бидеме пристрасни или наклонети кон едното или другото.

Сигурно дека мора да се земат предвид огромните промени што настанаа и настануваат во севкупниот општествен живот. И, она што ние со еден збор го велиме период на транзиција.

Мислам дека 1948 година, 50-тите години во таа насока претставуваат еден карактеристичен период со мали исклучоци на силни тортури и она што значело, се разбира, одредени пресуди што во себе обединувале и акти на конфискација и сл. сепак претставува еден период на една еуфорија после победата над фашизмот после 11-та светска војна, период кога сепак РМ зачекорува по патот на создавање своја држава под форма Социјалистичка Република. Тоа подразбираше една еуфорија дека, па и не е така страшно да дадеме дел од себе, од својот имот, да го дадеме на државата за да живееме во една поширока благосостојба, што значеше со едно име, социјализам и нешто ново, што требаше да доведе до поисправни и порамноправни односи меѓу луѓето.

XII/6

И сега, одеднаш веќе после 50 години друга состојба. Модел на приватизација, транзиција и веќе, во најголем дел приватна сопственост. Се она за кое што и ние, има тука и повозрасни луѓе, за среќа, кои се сеќаваме на тие години, правиме сега една разлика. Тоа што требаше да биде заедничко, државно сега веќе има свој сопственик, свои газди и има визија дека утре, тој правец треба да продолжи за практично да успееме периодот на транзиција да го заокружиме

Можеби во тоа лежи и тоа што значи судир на размислувања на морални норми, однесувања и квалитети и судир на концепции што во сето ова сега е најрационално да се направи. Сигурно дека ниту јас имам илузии, ниту некој друг дека овој закон може да ги реши сите прашања. Но, и во првата и во втората фаза, денеска, верувам дека нашите заложби ќе бидат на наједноставен начин, со најмалку жртви во смисла на разгорување тензии меѓу луѓе, групации, припадници на одредени еснафи и сл. со најмалку готови пари успееме да вратиме најголем дел од она што значи национализиран имот.

Сигурно дека вакво нешто во прв момент можеби изгледа една илузија и се ближи до нешто идеално, што значи неможно. Но, мислам дека сепак, нам Владата, преку Министерството ни остана должна за неколку работи што намерно или ненамерно останаа недоречени или останаа за некое идно време. Ќе одам по еден случаен редослед.

Не е сеедно во оваа расправа дали ние ќе дискутираме за враќање или некоја надокнада на 200 до 250 станови, што е едната информација и 2500 до 2800 станови. Дури, соодност 10:1.

Зошто не е сеедно? Сигурно дека не е сеедно, а верувам дека оваа држава лесно може да најде решение ако се работи за 200 до 250 станови што треба да се компензираат. Дури и да се купат ако треба во одреден рок и најдобар дел од, можеби, најгорливото прашање да биде

решено. И 2500 станови што претставува една огромна бројка и цифра.

Кој го сокри овој податок или кој е обврзан да ни биде достапен? Кој ако не Владата, кој ако не министерствата, кој ако не Министерството за финансии и сите негови институции вклучувајќи ги и службите за имотно правни односи. Не можеме и понатаму ние да слушаме спротивставени страни, па дури сега и некои формулации кои што мислам дека не е пријатно ниту да ги употребуваме. Станбена зграда што асоцира на еден стан или на пет станови. Мислам дека за нас е важна квадратурата на станбен простор и евентуално деливост или неделивост на тој станбен простор и со тие да ги наречеме функционални станбени единици.

Ни останавте должни г-дине министре во оваа насока и дозволивме на овој план да се вжештуваат односите помеѓу имателите, условно земено, на станарско право и оние на кои имотот им е одземен.

Јас имам потполно разбирање и за едните и за другите. Пред се разбирање за оние на кој им е земено, но имам потполно и хумано и морално и чувство на родителство, чувство на семејство дека во тие станови се живеело 50 години, се создавале поколенија, родени се деца, внучиња и тн. и тн. И сега, ние оставивме можеби најтешкиот дел во овој закон да остане и понатаму недефиниран, да не можеме навистина да се определиме на иреално.

Ги разгледував амандманите. Да не се лажеме дека амандманска интервенција, дека ако сега станот не е на име на оној кој е сопственик на станарско право дека може да се врати. Сигурно таа работа е завршена до сега. Никој не е наивен тоа да го остави отворено како прашање. Мислам дека ова ќе биде еден од поголемите камења на сопнување.

Втора работа, прашањето на градежни објекти и градежно земјиште. Во основа, да launched речеме слична или приближно слична категорија, но во основа функционално сосема различни позиции. Од сознанијата што ги имаме градежните објекти сигурно дека полесно се идентификуваат и многу лесно ќе се процени нивната вредност.

Сега, еден од поголемите проблеми, градежното земјиште, го оставаме за понатаму кога ќе донесеме закон за градежно земјиште. Па, нека причека и овој закон, да го донесеме тој закон, мислам дека ќе можеме поаргументирано да разговараме и да изнајдеме рационални решенија.

Да не заборавиме еден податок дека најголемиот дел од македонската индустрија, македонските претпријатија, особено поголемите и најголемите, градени се на земјоделско земјиште. И, обештетувањето на овие луѓе или е со минимална награда или е правено со одредена комасација, замена и тн. и тн.

И сега, дали беше нерешлив проблем во процесот на приватизација место да се оставаат вредносни акции со некоја теоретска вреднмост, дали беше неможно да се изврши и проценка на земјиштето, да речеме, на кое се изградени овие објекти, а што е минимално во однос на вкупната вредност на тие современи претпријатија, над 90% нови стопански гиганти.

По мои пресметки, се работи можеби за некоја вредност помеѓу 8-10% објективна, коректна, ако се земе предвид дека најголем дел од тоа е земјоделско земјиште што и нема некоја голема вредност во моментот на донесувањето на овој закон. Мислам дека ова ќе беше порационален приод. Не ќе беше оптоварување ниту за сегашните ни идни сопственици, а ќе беше решен проблемот дали преку парична надокнада или преку, уште подобро , во овој момент уште неколку акционери-сопственици на таа вкупна вредност на тоа приватизирано претпријатие.

XIII/1.-ДВ/МЛ

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Еден огромен проблем ќе си беше решен место луѓето да ги разочаруваме. Можеби решението предвидено, дека се задржани акции и има резерва, можеби со време ќе си покаже како пооптимално и можеби ќе биде од гледна точка на она што значи вредност и поповолно, но остава простор дека таа категорија на граѓани во моментот не е сигурна и останува да размислува понатаму.

Експроприран имот, исто така е една широка категорија. Ние и на оваа седница интервениравме и понатаму во Законот за експропријација. И понатаму сме сведоци дека тука околу нас, а можеби во непосредна близина и на Парламентот, но ако не тука во Дебар Маало и понатаму имаме лицитации за атрактивни градежни парцели од кои некои ќе профитираат, ќе дојдат сигурно до голем капитал, а тоа прашање, тој проблем на поранешни сопственици останува да ни виси. Нас ни виси дами и господа. Или ќе донесеме закон кој ќе биде прифатен и ќе се рече дека ние сепак работата сме ја изработиле свесно и совесно затоа што тука нема место за политика, се разбира. Секој кој ќе мисли дека ќе профитира од овој закон, однапред е осуден дека ќе биде

Прашањата околу тоа дали овој закон навистина го. употребува начелото дека ќе се труди максимално да се врати од она што може да се врати. Зошто и понатаму да стои под ембарго, да речам за враќање здравствени објекти, училишни објекти, ако тие не се во функција, ако со нив некој може да манипулира, во услови кога одиме кон современото здравство и современо образование. Не може никој да ме убеди дека точно овие објекти од пред 50 години одземени и сигурно со едно неквалитетно одржување можат да имаат денес атрактивен интерес за да бидат во функција за она за кое биле одземени.

XIII/2.-

Прашањето на земјоделско земјиште дава можности да се врати но и недефинирани членови и ставови, кога, како и што е она сега што се подразбира под големи комплекси, мали комплекси, производно рентабилни комплекси или комбинати и претпријатија кои работат со загуби Не прифаќам она што се случи во Бугарија да го примиме како модел на модус вивенди. Не смееме да пласираме негативни примери. Треба да пласираме примери што значи интерес во оваа држава да се успешно обработува земјоделско земјиште и од него да се хранат поголем број на граѓани, од она што е сега.

Прашањето на наследство мислам дека нема смисла да го елабориране. Не смееме да ограничуваме уставно право на наследство до оној трет ред што е и обврска. Ќе ни падне овој закон веднаш и мислам дека со оглед на старосната структура, на директно оштетените граѓани. Мислам дека тука треба, има такви амандмани, да бидат прифатени за да не испадне дека не го почитуваме она што значи уставна определба.

И уште една уставна одредба. Ако со Уставот во периодот и на транзиција и без неа воопшто не е максимирано правото, висината на сопственост:, зошто ние сега  тука дискутираме со една од типовите на обврзници во серијата А. Зошто ние максимираме на вредност од 100 илјади германски марки. Ваму дозволуваме милиони германски марки да бидат во оптек и добро е да биде така, да има напредок, да има интерес, да има натпревар, да има претприемништво, а од друга страна 100 илјади германски марки и тие условно, 60%, па во рок од 30 години. Видете сега. Педесет години поминаа. Уште 30 години дами и господа па еден век. Дали 80 години може да бидат некаква сатисфакција, па макар; и последниот денар да им биде исплатен на овие луѓе. Не. Мислам дека тука треба да се изнајдат сили, простор и можност, практично на оние кои директно ги почувствувале последиците од сите овие, да ги

речеме закони со кои е одземен имотот, практично ние нив ги оставаме разочарани и да немаат верба дека сакаме да донесеме приближно прифатлив закон. Мислам дека прашањето на"одземени имоти" под форма на подароци, под форма на доброволно давање и некаква минимална надокнада мораат да бидат разгледани посовесно и пореално. Сите тие начини можеби некои не спомнав се изнудени, сите претставуваат при- силни, или принудни мерки и мислам дека во таа насока не можеме овие сопственици да ги исфрлиме од она што значи закон за денационализација.

Прашањето на желба дека со акциите ќе се исправи неправда- та, дека со тоа што вредноста ќе биде во германски марки многу е компли- цирано и многу е ризично во смисла на правилно обештетување ако и при германската марка има некаква инфлација во вредност од 2 до 3% годишно тогаш вредносните хартии можат да испарат во рок од 30 го- дини, 30 пати по 3% е 90%. Мислам дека ова се оние практично најкруп- ните работи кои што се сомневам дека ќе можеме денеска и во една опс- тојна и конструктивна амандманска расправа приближно да ги подобри- ме решенијата кои што овој закон ги нуди, или ги сака да се постигнат. Јас сум свесен дека она што значи имот даден под државна концесија, под концесија дека не се враќа. Исто така е проблематично решение прашањето на она што значат имоти во функција на армија, безбедност и тн., исто така воопшто дури не е направено обид да бидат преку овој закон приближно насочени и лоцирани. Не може целиот комплекс Криво- лак, огромен комплекс да го набљудуваме низ оваа призма. Информаци- ите кои што дојдоа до мене, веројатно и до вас како пратеници е дека 50% од конмплексот Криволак исклучиво се користи за земјоделска наме- на, за сточарство и тн. Ако е тоа така, зошто тој дел да не се издвои да им се даде на поранешните сопственици и верувам дека понатаму ќе продолжи тој да се користи за намената за која што се користи денес. Но, правиме двојна грешка, на тие луѓе не им го враќаме тој имот и повторно

ризикуваме со нивните реакции да им при- шиеме етикета дека тие се против безбедноста на оваа држава, ризикуваме да знаете. Сигурно дека тие луѓе и емотивно врзани и исцрпени од овој маратон неколкугодишен и од овие ветувања, можно е да изречат и некои потешки и со право можеби неконтролирани зборови. Зошто точно воената намена на тој полигон не ја издвоиме од онаа да речеме цивилната намена, или компонента. И луѓето таму нека си се договараат врз база на она што значат меѓусебни односи, изнајмување, обработување и тн. Еве ова почитувани дами и господа беа моите забелешки и сугестии и мислам дека практично сето она што овие денови во јавноста е присутно јас го поддржувам и мојата молба, мојот придонес ќе биде сепак во овој закон да се интервенира со овие и многу други забелешки и со оглед дека наскоро треба да донесеме многу закони, особено од градежната сфера кои што ќе претставуваат комплементарност со овој закон, можеби на идниот Парламент, значи мојот предлог е да му го препуштиме овој закон на идниот Парламент кој што верувам во едни поинакви односи порелаксирани и со сите овие евентуални интервенции верувам дека ќе донесе пооперативен и порационален закон за денационализација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се разбира Парламентот може да измени секој закон, па и овој, идниот.

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Почитуван министре, почитуван претседателе, почитувани коле- ги, неколку зборови во врска со овој законски проект што е денеска на дневен ред и сметам дека е еден од побитните закони што овој Парламент во овој мандат ние како колеги ќе треба да го донесеме, бидејќи закон за национализација еднаш се носи во историјата на една држава, а исто така и закон за денационализација. Министерот во своето

излагање напомна три поглавја кои се битни во суштината на законот. Јас тие поглавја би ги формулирал по мое гледање колку можеме како држава, каде може да се врати и како може. Таму беа изнесени економските можности, Македонија во овој период на развој со овие седум, или осум години поминати од 1990 година наваму можностите нејзини за да ја надомести онаа неправда што е сторена 1948 и 1980 година ми се чини и реално е, објективно и можно, тоа не може. Милијарда, барем колку што сретнав од овие информации во образложението милијарда германски марки Република Македонија ги нема и убеден сум дека во догледно време како држава со овој капацитет на развиеност на стопанството тешко дека ќе ги имаме. Затоа неправдата направена во 1946 година тешко можеме после 50 години поминати да стане правда.

Сигурен сум дека и било каков законски проект да се донесе и било какви експерти да го прават во овој период ми се чини дека она што е сторено после 1946, не може, затоа што периодот на 50 години поминати останале траги и сето тоа е изменето во суштина некаде, а она доколку е опипливо, она што постои, што е видливо каде што се јасни и документите што треба оние поранешни сопственици да ги по несат, ми се чини државата мора и да плати. Инаку тогаш не би се постигнала целта која што овој закон сака да ја постигне. За мене најинтересни работи беа што ги сретнав од еден допис овде што го добивме ние како пратеници, а тоа е извадок од весник, некој си новинар Виолета Цветковска па како податок ги наведува седум, односно шест земји. Македонија е во земјите како што овде гледам, односно и фактички ова што денес се случува меѓу последните земји на балканскиот дел од овие посткомунистички земји која донесува еден ваков законски проект. Интересни се гледиштата тука што се изнесени како извадоци од законите во земјите во посткомунизмот. Па некако читајќи го тој

текст успеав да ги поделам во две категории: земји кои што оделе до крај либерално Словенија и Чешка би ги издвоил и земји кои што се многу рестриктивни, тоа е Хрватска до некаде и Романија. Додека посебно би ги издвоил Бугарија и Албанија бидејќи во нивните проекти сосема поинаков пристап има на работите. Споредувајќи го ова што го добивме ние денеска како пратеници и што можев да го сфатам и да го разберам, видов дека ако Македонија појде со проектот, или отиде како Чесите и Словаците, тогаш тој закон ќе го донесеме, а никогаш нема да го спроведеме. Тоа се случува и во Словенија. Словенците донеле најлиберален закон, но стопиран е. Што значи целта што сакал да ја постигне законот, не ја постигнал. Таков закон на овој Парламент и на Македонија ми се чини дека не и треба. Хрватите отишле до крај рестриктивно со тоа што премногу некои работи ги заштитиле, фактички да не речам задржале некое си статус кво од поранешниот период со некои благи надоместоци на имовината на поранешните сопственици. Бугарите го донесоа поготово карактеристичен е оној дел во земјоделие-то каде што за 24 часа земјата ја поделија на сопствениците, но многу корист од тоа и не видоа. Едноставно ми се чини дека е и добро што многу сериозно се приоѓа на овој проект и опрезно би рекол. Затоа што нешто што е донесено, национализацијата не се донесе одеднаш, туку тоа беше фаза со неколку закони и перманентно се движеше дури некаде до 1978, ми се чини и 1980 година имавме и акти каде што се национализира. Со еден закон, овој, убеден сум дека не може да се реши тоа. Затоа сум во принцип решението што е понудено со делот на аманд-маните, ова мора да го потенцирам што како колеги се залагаа и ги поднесоа и што можев да ги прочитам кои нудат во доменот, поготово кај становите еден поинаков однос, фактички неправдата да биде поза-доволена и оние што денеска ги користат да не останат на улица па да направиме нова неправда што ми се чини тогаш сериозно и не би постиг-

нале она што сака да се постигне со законот. Понудените амандмански решенија ги сметам како добри. Можеби интересен е и овој факт што е наведен овде во делот на становите Хрватска што ги има каде што делот на сопствениците што стекнале станарско право, а сакаат да ги отуѓат првостепено треба да ги понудат на поранешните сопственици. Интересно е како размислување, можеби јас не го сретнав, но ако го нема еве во овој напис, допис го видов дека е многу интересно за размислување, односно за вградување во нашиот законски проект.

И едно мое размислување во делот на годините на наплата. Ако овој Парламент можеби не, некој друг, доколку границата 30 години е предолга за мене. Но, ако Македонија оцени после пет, или 10 години фазата на развој на моќта на економскиот развој пред се и дозволи овој рок некои други пратеници можат и да го скратат, така што, што побрзо овој процес на надоместување би рекол на обврзниците што се предложени како решение може да биде и покус. Законот заслужува поддршка затоа што на Македонија ви реков и треба најреален не може ни да биде, но законот е објективен, законот е во рамките на она што реално го можеме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани пратеници, како што гледам малку не има. Меѓутоа, тоа што е, тоа е.

Излегов да кажам неколку збора по однос на предложениот закон за денационализација. Со внимание го слушав министерот, меѓу- тоа да бидам искрен за некои работи не можам да се сложам.

Прво, го прифаќам тоа кога рече дека при предлагањето, при

XIII/8. -

давањето на Предлогот на закон за денационализација се поаѓате од реална економска моќ на Република Македонија. Прифаќам целосно,бидејќи како што се вели: колку што ти е долга чергата толку ќе ги пуштиш нозете. Меѓутоа кога станува збор за реалната економска моќ на Република Македонија, мислам дека нешто што овој закон го одолговлечуваме Предлогот за донесување на закон беше уште во првиот мандат на плурализмот во Македонија, а еве сега при крајот на вториот мандат имаме Предлог на закон. Мислам дека тука основната грешка што ја правиме е тоа што ние не водевме доволно сметка при приватизацијата за да после имаме ваква состојба да немаме економска моќ која ја немаме денеска. Приватизацијата на општествениот капитал со приватизацијата мислам дека е направена огромна грешка во две насоки.

Прво од насока на ова што не можеме да ги обештетуваме граѓаните.

XIV/1.-РД/ОМ

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:** (Продолжение)

А особено за граѓаните на кои им е национализиран имотот. И второ прашање е тоа е што тој капитал да кажам така со таа наша не-грижа, затоа што по мое мислење прво требаше да го поддржавуваме,а потоа да одиме во приватизација, го намаливме, во услови кога никој не водеше сметка за ништо за таканаречениот општествен имот. Во такви услови што може да се случува, освен да констатираме една таква состој ба да има една тешка економска моќ, по однос на прашањето за денационализација. Ќе кажам тука и тоа дека кога станува збор за оваа реална економска моќ мислам дека со решенијата што се предложени во Пред- лог законот, денационализацијата не подеднакво ја поднесуваат,односно користите од денационализација неподеднакво ги поднесуваат различни нивоа на граѓани во Република Македонија. Поаѓајки од овој аспект со право можам да констатирам дека граѓаните со ваквото понудено решение се оставени во нерамноправна положба. Зошто ова го велам? Го велам од таа причина што на некого кој што има имот и може да му се врати со овие ограничувања тука што ги има, а не на некој кој што не му постои имотот, или не може да му се врати, или пак му се враќа делумно. Што станува тука? Дали имаме рамноправност. Јас мислам за ова строго мораме да водиме сметка. Не е фер, не е човечки, не е хумано, една група да понесува поголем товар од таа условна денационализација, а други да минуваат подобро. Тоа исто се прави и со ова кога се кажува по однос на обврзниците дека ако земаат во обврзници, тогаш можат максимум да земаат до сто илјади германски марки,односно 60% од таа вредност. Тоа 60% можеби има своја логика кога се прави споредба со она што е речено по однос на оние кои што ќе земаат во обврзници Б. Добро ако е така, бидејќи таква е таквата наша економска моќ, не можеме да платиме. Меѓутоа, зошто да се стави тоа ограничување до 100 илјади.

XIV/2.-

Ако еден имот условно речено чини 500 илјади германски марки, ние му даваме максимум до 100 и од тоа максимум 60, фактички наместо 500 илјади марки, 60 илјади марки. Дали тука правилно постапено. Јас се залагам за тоа, кога станува збор за ова обештетување сите да го поднесат подеднакво. Треба по мене да се утврди која е висината на која што можеме да понудиме и вкупната вредност на имотот што треба да се национализира, па да се види, ако треба да се каже 20% , 20% на сите подеднакво. И оној што ги има становите што може да ги добие и оној што го има земјиштето што може да му се поврати, па исто така и на оној што не постои поради хикс причини. Мислам дека така би било реално и по безболно. Вака во нерамноправна положба се донесуваат граѓаните .Министерот употреби еден збор, вели експропријацијата постои и фер г-дине  министре се извинувам што вака ќе кажам мислам дека експропријацијата знаеме како се изведуваше во одредени моменти. Од познати причини не би било добро ние да окривуваме. Позната е таа работа. Јас сум учествувал во таа експропријација по два закона. И тоа ќе Ви к жам дека учествував со Законот за експропријација кој се применуваше до 1964 година и следниот Закон после тоа. Што станува со првиот. До 1964 година за експропријација луѓето на име надомест за експропријација земаа осмоструки катастарски приходи. И ќе кажам за Дебар. Во Дебар граѓаните изгубија по однос на тој закон огромни површини од Дебарското езеро, за среќа во меѓувреме се менуваше и ќе кажам дека од првите 40% отидоа со стариот закон, со осмострукиот катастарски приход, а другите со другиот закон за експропријација, кој што беше по правилен, затоа што донекаде респектираше пазарна вредност. Тука е веќе сосема друга состојбата. Осум пати катастарски приход. Па ката- старскиот приход има начин како се утврдува. Имаше таму во Законот,

тоа е за никаде. Слично е тоа како ние сега што зборуваме како што е данокот за земјоделско земјиште. Тој базира на катастарскиот приход. Секогаш ние грешиме како пратеници да се намали тој . Затоа што тој е многу мал. Не е изнад 500 денари по хектар. Зависно од катастарската култура. Другите давачки се кај земјоделците големи. За здравствено осигурување за пензиско и т.н. Тие се големи придонеси, а не данокот од земјоделска дејност. Дали правилно ние тие луѓе ги обештетивме , правилно. Еве имам овде еден пример односно Законот за денационализација на наемните згради и градежното земјиште. Еве колку се дава, Ви прочитам не е битно чие е решението носи број 4354 од 1954 година. Вели се експроприра во тој дел на државата за потребите на народниот одбор на Дебарска околија за изградување на стамбена зграда, имотот на тој и тој кој се состои од два дуќана, на улица Братство и Единство Дебар во површина од 49 квадратни метри за накнада за експропроираниот имот му се дава десет илјади и двеста девет денари во готови пари. Овие десет илјади јас колку што се сеќавам не беа повеќе од 10 работнички плати. Зборуваме за правичност по однос на понудениот закон. Можеби подобро би било ние респектирајќи ги сите работи кои што ни налагаат да го донесеме овој закон прво да бидам искрен да ги обештетуваме граѓаните да извршиме денационализација, а потоа и другите обврски кои произлегуваат според наши меѓународни договори, мислам дека подобро би било, овој закон да го вратиме во Владата, за кратко време да го преработи, од прилика едно петнаесетина дена и да ни понуди едно по исправно решение. Сигурен сум дека никогаш нема да биде целосно исправно . Меѓутоа, да биде поблиску до реалноста. Инаку, по однос на ова би можел да додадам и други работи дека исто така министерот ме убедуваше дека состојбата не е повеќе таква дека овој закон не обезбедува денационализација. Меѓутоа, ако правиме слично како што направи и

при Нацрт законот овде повеќе одредби зборуваат што не се дава,што не се денационализира отколку тоа што се денационализира, фактички во извесна смисла како да сакаме со носење на законот за денационализација да извршиме нова реанционализација. Мислам дека не е во ред и добро би било сите да се согласиме и Владата така да постапува, подобро ќе направиме. Свесен сум колку имаме можности, меѓутоа поблиску до реалноста.

Ќе се задржам малку на прашањето каде што се зборува во член 39. Таму се зборува дека отплатата ќе се врши преку замена со друг еквивалент. Таму се набројуваат кои се тие други еквиваленти. Меѓутоа, се поставува прашање. Со какви цени ќе бидат тие отплати што ќе се обезбедуваат преку тие други еквиваленти. Познати се кои се тие еквиваленти меѓутоа, се поставува прашањето која е цената, да кажам, на тие акции. Бидејќи, едно е цена на акции од страна на оној кој што ја извршил таа приватизација, а друга е цената на берзанскиот пазар на хартиите од вредност. Ние како Комисија за стопанство имавме прилика да ја посетиме берзата и да зборуваме малку на таа тема како одат цените на тие акции. Добивме таму сознание дека работите не се во никој случај на акциите како што име одредена цената. Некаде има страшно намалување. Ако не е така би прифатил исправка, цените се движат 20 до 30% од онаа цена што е на акцијата дадена од оној што ја одредил вредноста. Тука треба работите да бидат малку појасни, по исправни.

Г-динот Стојановски зборуваше аз тоа, веројатно и други ќе зборуваат по однос на документацијата. И во податоците прво не ми се дава податок колку ќе ни чини, колку фактички ќе враќаме, која е таа вредност, а исто така кога станува збор за прашањето за обезбеду-

вањето на документи, мислам дека е многу битно прашање. Јас мислам дека најголемиот товар ако сакаме да спроведеме денационализација треба да стои на државните органи. Тие да ги отворат сите списи и повторно се плашам дека нема тоа да наиде на целосно разбирање кај државните органи кои што ќе ја извршат денационализацијата. Мислам дека треба да им ги обезбедиме на луѓето сите можни документи со кои државата располага преку архивите. Во спротивно може на формалност таа денационализација. Имаш документација поднеси ако немаш што сакаш Познато е како се вршеше во тоа време национализацијата. Доброволно со услов, да не кажам каков. Од таа причина јас сметам и ако претседателот смета така јас би предложил еден заклучок законот да го вратиме на доработка и од прилика петнаесетина дена повторно да ни се понуди.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи утре и задутре најавија отсуство десетина пратеници предлагам овдека да прокинеме со работа, да продолжиме во вторник на 21 во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 18,5 часот).